ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА СТРУГА (2007-2017) ЗА БЛОК 2 ОД УЕ 11, ОПШТИНА СТРУГА ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2022-2032

НАЦРТ ПЛАН

Gordana Karagjule-Risteska
Digitally signed by Gordana Karagjule-Risteska
Date: 2026.04.06 09:20:15 +02'00'

Jane Stojanoski
Digitally signed by Jane Stojanoski
Date: 2026.04.06 09:20:36 +02'00'

Natasha Vlchevska Savikj
Digitally signed by Natasha Vlchevska Savikj
Date: 2026.04.06 09:20:56 +02'00'

Технички број 04-03/22

SILVANA VANOVSKA
Digitally signed by SILVANA VANOVSKA
Date: 2026.03.05 12:41:11 +01'00'

МАРТ 2026

Место:	КО Струга
Доносител:	Општина Струга
Предмет:	ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГУП НА СТРУГА (2007-2017) ЗА БЛОК 2 ОД УЕ 11, ОПШТИНА СТРУГА (ПЛ.ПЕРИОД 2022-2032)
Извршител:	ЧИП Гроуп Скопје
Адреса:	Костурски Херои бр. 15-1/1А 1000, Скопје
Телефон:	078 312-795
e-mail:	chovekiprostor@gmail.com
Фаза:	Нацрт план
Деловоден број:	08-60/1 од 05.03.2026
Технички број:	04-03/22
Датум на изработка:	Март 2026
Примерок број:	1

РАБОТЕН ТИМ:

1. Силвана Вановска д.и.а, планер потписник, овластување број 0.0065
2. Емилија Спировска д.и.а, соработник, овластување број 0.0381
3. Елеонора Павлоска м.и.а., соработник, овластување број 0.0750
4. Ивица Стоиловски д.с.и., соработник, овластување бр.5.0034

УПРАВИТЕЛ
Силвана ВАНОВСКА

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА лица

Трговски регистар и регистар на други правни

www.crm.com.mk

Број: 0809-50/150020260013679
Датум и време: 16.1.2026 г. 09:18

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 16.01.2026 во 09:18
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 05.11.2026
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

/Електронски издаден документ/

П О Т В Р Д А

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6534732
Назив:	Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
Седиште:	КОСТУРСКИ ХЕРОИ бр.15-1/01А СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	71.110 - Архитектонски дејности
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Број: 0809-50/150020260013679

Страна 1 од 1

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/DADAC60FBEAE7C71368E21FCB7F2C6E2774D21974DB908E65F2B9F9D262D704F

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0805-50/150020260013678

Датум и време: 16.1.2026 г. 09:18

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 16.01.2026 во 09:18
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 05.11.2026
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

/Електронски издаден документ/

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6534732
Целосен назив:	Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
Кратко име:	ЧИП ГРОУП ДООЕЛ Скопје
Седиште:	КОСТУРСКИ ХЕРОИ бр.15-1/01А СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР
Вид на субјект на упис:	ДООЕЛ
Датум на основање:	29.10.2009 г.
Времетраење:	Неограничено
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4080009506916
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.4 - друштво со ограничена одговорност основано од едно лице
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	310.000,00
Уплатен дел MKD:	310.000,00
Вкупно основна главнина MKD:	310.000,00

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/99C04056F26793A69F72F1B60D48868F141323FF3B0A932474984E598CE5D9D5

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

СОПСТВЕНИЦИ	
Име и презиме/Назив:	СИЛВАНА ВАНОВСКА
Адреса:	ЉУБЉАНСКА бр.6-1/30 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	310.000,00
Уплатен дел MKD:	310.000,00
Вкупен влог MKD:	310.000,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.110 - Архитектонски дејности
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	

ОВЛАСТУВАЊА	
Управител	
Име и презиме:	СИЛВАНА ВАНОВСКА
Адреса:	ЉУБЉАНСКА бр.6-1/30 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ
Овластувања:	Управител без ограничување - занимање: архитект
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Овластено лице:	Управител

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	silvanavanovska@yahoo.com

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Број: 0805-50/150020260013678

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/99C04056F26793A69F72F1B60D48868F141323FF3B0A932474984E598CE5D9D5

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ

Врз основа на член 68 став (2) од Законот за урбанистичко планирање, Министерството за транспорт и врски издава

Л И Ц Е Н Ц А

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

КОСТУРСКИ ХЕРОИ бр.15-1/01А СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР

ЕМБС: 6534732

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

Лиценцата се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека правното лице ги исполнува условите за издавање на лиценцата пропишани со овој закон.

Број: 95

15.02.2024 година

(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Благој Бочварски

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ – СКОПЈЕ

Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз

Бр. 08-425/1
17. 11. 2022 год.
СКОПЈЕ

Согласно Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.32/20), а во врска со изработката на **Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на Струга (2007-2017) за блок 2 од УЕ 11,Општина Струга (пл.период 2022-2032)**, Друштвото за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје го издава следното

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ

За изработка на **Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на Струга (2007-2017) за блок 2 од УЕ 11,Општина Струга (пл.период 2022-2032))**, со технички број 04-03/22, како планер се назначува:

1. **Силвана Вановска - дипл. инж. арх. овластување бр.0.0065**

и соработници:

1. **Емилија Спировска - дипл. инж. арх овластување бр.0.0381**
2. **Елеонора Здравковска – маг.инж.арх.**
3. **Софија Јанкуловска - маг.инж.урб.**
4. **Ивица Стоиловски – дипл.сооб.инж., овластување бр.5.0034**

Планерот е должен планската документација да ја изработи согласно Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 32/20), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот, а врз основа на Планската програма одобрена од градоначалникот на Општина Струга (решение бр. 10-4080 од 09.11.2022).

Управител
Силвана Вановска

П.Ф.104 ул. Костурски Херои бр.15/1-1А, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел: 075 257-835 | e-mail: chovekiprostor@gmail.com

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ – СКОПЈЕ

Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 08-17/1
16.01. 2025 год.
СКОПЈЕ

Согласно Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), а во врска со изработката на **Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на Струга (2007-2017) за блок 2 од УЕ 11,Општина Струга (пл.период 2022-2032),** Друштвото за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје го издава следното

РЕШЕНИЕ

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ

Со ова решение се менува Решението за назначување на планери бр.08-425/1 од 17.11.2022 година за изработка на **Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на Струга (2007-2017) за блок 2 од УЕ 11,Општина Струга (пл.период 2022-2032)** со технички број 04-03/22, и тоа:

- заради престанок на работен однос се разрешува **Софија Јанкуловска - маг. урб.**;

- заради промена на презиме, лицето **Елеонора Здравковска – маг.инж.арх**, се менува во **Елеонора Павлоска – маг.инж.арх**.

Управител
Силвана Вановска

ул. Костурски Херои бр.15/1-1а, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел: 075 257-835 | e-mail: chovekiprostor@gmail.com

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

СИЛВАНА ВАНОВСКА

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0065**

Издадено на: 14.09.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

ЕМИЛИЈА СПИРОВСКА

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: 0.0381

Издадено на: 17.09.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

ЕЛЕОНОРА ПАВЛОСКА

магистер инженер архитект (NQF 304 ECTS)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој Закон и во Статутот на Комората

Број: 0.0750

Издадено на: 04.07.2025 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Кристинка Чулак
дипл. инж. арх.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија" бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

СООБРАЌАЈНО ИНЖЕНЕРСТВО

на

ИВИЦА СТОИЛОВСКИ

дипломиран сообраќаен инженер (NQF VII_1)

со подмирување на членаринатa за секоја тековна година
овластувањето важи до 19.04.2025 год.

Број: 5.0034

Издадено на: 20.04.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

СОДРЖИНА:

ОПШТ ДЕЛ:

- *Документ – тековна состојба 3*
- *Лиценци и овластување на носителот на планска докуемнтација. ..5*
- *Решение за назначување на планери 6*

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:

1. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА 15
1.1 Географски и геодетски податоци за планскиот опфат и за ..... неговите контактни соседни простори 15
1.2 Изводи од планови од повисоко ниво на планирање и други податоци ..... што произлегуваат од други развојни документи 16
1.3 Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на ..... планскиот опфат и неговата околина 17
1.4 Студии, елаборати и работни материјали од сите релевантни ..... области 17
1.5 Податоци за природните чинители 17
1.6 Податоци за создадените вредности и чинители 21
1.7 Анализа на степенот на реализација на важечкиот урбанистички ..... план 28
1.8 Оценка за можностите и ограничувањата на просторниот развој 29

ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ – Документациона основа:

1. Извод од ГУП Струга 2007-2017–Намена на површини со нанесена граница на пл.опфат 1:5000
2. Ажурирана геодетска подлога.....1:2500
3. Инвентаризација на изграден градежен фонд и постојна супраструктура.....1:2500
4. Инвентаризација на изградена комунална и друга инфраструктура.....1:2500
5. Инвентаризација на урбаното и другото зеленило.....1:2500
6. Инвентаризација на пост.споменични целини, градби прогласени за култ.насл., културни предели и заштитени природни предели.....1:14000
7. Сателитска снимка – АКН..... 1:4000

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:

- *2.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА 33*

2.1 Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период……33
2.2 Прецизен опис на границата на планскиот опфат 33
2.3 Стратешки определби што произлегуваат од развојни стратегии, просторни и урбанистички планови од повисоко ниво..... 34
2.4 Образложение на планскиот концепт за просторниот развој 35
2.5 Опис и образложение на планските решенија 36
2.5.1 Наменска употреба на земјиштето..... 37
2.5.2 Сообраќајна инфраструктура 41
2.5.3 Комунална инфраструктура..... 44
2.6 Плански услови за детално планирање на просторот 47
2.7 Општи услови за спроведување на планот и за просторен развој 47
2.8 Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите за секоја урбанистичка единица за планирање во границите утврдени со планот во Блок 2 49
2.9 Мерки за заштита на природата, природното наследство и животната средина……..……51
2.10 Мерки за справување со климатските промени.....56
2.11 Мерки за справување со отпад.....58
2.12 Мерки за одржливост мобилност и безбедност во сообраќајот.....59
2.13 Мерки за заштита и спасување.....59
2.14 Мерки за заштита недвижното културно наследство 66
2.15 Мерки за озеленување на планскиот опфат 67
2.16 Други мерки.....68
2.17 Нумерички показатели.....70
2.18 Биланси показатели 72

- *3.ПРЕЧИСТЕНИ ОДРЕДБИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ГУП ЗА ГРАД СТРУГА (2007-2017) ОПШТИНА СТРУГА 77*

Посебни параметри за уредување на просторот..... 84

Нумерички дел..... 99

- *4.СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН..... 115*

4.1 Составни делови на документационата основа.....115
4.1 . Планска програма.....115
4.2 . Извод од генерален урбанистички план.....115
4.3 . Податоци од надлежни органи и субјекти со јавни овластувања 115
4.4. Мислења од надлежни органи и субјекти со јавни овластувања и записник со констатација за мислењата што не се издадени во законскиот рок .116
4.5 . Стручна ревизија на нацрт ГУП.....117

ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ:

1. План на намена на земјиштето 1:2500
2. Регулационен план 1:2500
3. Граници на просторни планерски единици за детално планирање на Блок 2.....1:2500
4. Сообраќаен и нивелациски план..... 1:2500
5. Инфраструктурен план 1:2500
6. План на зеленило 1:2500
7. Синтезен план на графичките прилози бр.1,2,3 и 6..... 1:2500
8. Синтезен план на графичките прилози бр.4 и 5 ..... 1:2500
9.Пречистена верзија на синтезен план за Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) за Блок 2 во УЕ 11.....1:5000

1. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Документациона основа е база на податоци за планскиот опфат врз основа на која се изработува урбанистичкиот план, што се состои од сите графички, текстуални и нумерички податоци релевантни за урбанистичкото планирање, како и од анализите на можностите за просторен развој и програмските проекции за просторниот развој.

Документационата основа на урбанистичкиот план се состои од сите достапни и соодветно обработени податоци за постојната состојба на територијата на планскиот опфат и неговата околина кои се релевантни за урбанистичкото планирање, што се презентирани во и врз ажурирана геодетска подлога и други специјализирани карти со податоци, како и други подлоги со просторни податоци кои се достапни преку системи за земјино набљудување.

Во документациската основа на **Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на Струга (2007-2017) за блок 2 од УЕ 11, Општина Струга (пл.период 2022-2032)** е презентиран блок 2 во Урбаната единица 11 од Генералниот Урбанистички план на Струга.

1.1 Географски и геодетски податоци за планскиот опфат и за неговите контактни соседни простори

Планскиот опфат се наоѓа во северниот дел на градот Струга.

Границата на планскиот опфат за **Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на Струга (2007-2017) за блок 2 од УЕ 11, Општина Струга** (пл.период 2022-2032) е превземена од важечкиот Измена и дополна на ГУП на град Струга плански периоф 2007-2017 година (донесен со одлука бр.07-643/07 од 05.04.2007), и е следнава:

- од северо-запад по сервисна улица „Се1“- од кординати на висинска точка 10 до 12

- од исток градска магистрална улица „М3“ - од кординати на висинска точка 12 до 5

- од југ магистралан улица „М1“- транзитна магистрална улица - од кординати на висинска точка 5 до 7

- од запад сервисна улица „Се2“- од кординати на висинска точка 7 до 10

1.	Y=7472591.2438 X=4559954.5520
2.	закривеност -0.1750 центар Y=7473095.7302 X=4559149.5716 радиус 950.0000 почетен агол 122 краен агол 82
3.	Y=7473221.9810 X=4560091.1451
4.	закривеност -0.0554 центар Y=7474018.2031 X=4560168.8003

	радиус 800.0000 почетен агол 186 краен агол 173
5.	Y=7473224.3567 X=4560267.8352
6.	Y=7473231.5596 X=4560325.5721
7.	Y=7472987.7194 X=4560314.1198
8.	закривеност 0.1527 центар Y=7473025.2509 X=4559515.0007 радиус 800.0000 почетен агол 93 краен агол 127
9.	Y=7472539.0497 X=4560150.3025
10.	закривеност 0.0026 центар Y =7473025.2509 X=4559515.0007 радиус 800.0000 почетен агол 127 краен агол 128
11.	Y=7472532.5162 X=4560145.2487
12.	Y=7472532.5162 X=4560145.2487
13.	Y=7472260.0113 X=4559641.6074
14.	Y=7472390.7133 X=4559786.3220
15.	закривеност -0.0692 центар Y=7473095.7302 X=4559149.5716 радиус 950.0000 почетен агол 138 краен агол 122

Вкупната површина опфатена во рамките на опишаната граница на планскиот опфат изнесува 24.36ha.

1.2 Изводи од планови од повисоко ниво на планирање и други податоци што произлегуваат од други развојни документи

Планскиот опфат се наоѓа во рамки на важечкиот Измена и дополна на ГУП на Струга, 2007-2017 (донесен со одлука бр.07-643/07 од 05.04.2007).

Во важечкиот ГУП, во блокот 2 биле планирани следниве намени:

	КЛАСА НА НАМЕНА	А	Б	В	Г	Д	ВКУПНО ПО КЛАСА	ПРОЦЕНТ
БЛОК2	А						0,00	0,00%
	Б		171607,77				171607,77	80,09%
	В						0,00	0,00%
	Г				17070,61		17070,61	7,97%
	Д					25587,08	25587,08	11,94%
	СООБРАКАЈ						0,00	0,00%
	РЕКА						0,00	0,00%
	ВКУПНО	0,00	171607,77	0,00	17070,61	25587,08	214265,46	100,00%

Блок 2

Класи на намени: Во блокот се планираат намени за Инфраструктура (Градка автобуска станица сосервисни дејности) (Г5), Комерцијални и деловни намени (Б), и заштитно зеленило (Д2).
Природа на зафат: Се планираат нови градежни зафати.
Зеленило: Процент на озеленетост во блокот треба да изнесува најмалку 20%
Паркрање: Паркирањето-гаражирањето да се предвиди во склоп на градежните парцели и во јавни паркинзи.
Други услови: Алтернативните класи на намени дадени во табелата да не надминат 30% од основните класи на намени.
Други услови: Висините на градбите, процентите на изграденост и коефициентите на искористеност да се во согласност Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и проектирање на објекти (78/2006.
Други услови: Да се почитуваат и применуваат мерки и режими за заштита дефинирани во Изводот од заштитно конзерваторски основи за Генералниот урбанистички план на град Струга.

1.3 Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина

Планскиот опфат се наоѓа во рамки на важечкиот Измена и дополна на ГУП на Струга, 2007-2017 (донесен со одлука бр.07-643/07 од 05.04.2007), поточно во урбаната единица 11, Блок 2.

Според доставените информации од Општина Струга, за предметниот плански опфат немаме добиена Измена и дополна на важечкиот ГУП.

1.4 Студии, елаборати и работни материјали од сите релевантни области

Од Општина Струга или други надлежни субјекти, не е добиена информација дека предметниот плански опфат е третиран со делови од било какви студии или елаборати кои се релевантни од аспект на урбанистичкото планирање.

При изработката на овој ГУП почитувани се одредбите дадени во *Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.45/20).

1.5 Податоци за природните чинители


Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учеството и влијанието на човекот во нив спаѓаат

географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, сеизмички, педолошки и климатски карактеристики.

ГЕОЛОШКИ ПОДАТОЦИ

Геолочката градбана територијата на Р.Северна Македонија е многу разновидна и се карактеризира со сложена тектонска структура.

Согласно геолошката карта на Р.Македонија, територијата на која се наоѓа планскиот опфат е формирана во времето на периодот неоген.



Слика 2. Поедноставена геолошка карта на Република Македонија (Извор: ОГК-500)


ПЕДОЛОШКИ ПОДАТОЦИ

Почвите во Република Македонија се изразито диверзифицирани и на мала територија се јавува исклучително голем број на почвени класи, типови и субтипови, што е поврзано со појавата на широка лепеза на педогенетски фактори како геолошките субстрати, вегетациската покривка, хидролошките процеси, релјефот и климата.

Предметната локација се наоѓа во населено место.

СЕИЗМИЧКИ ПОДАТОЦИ

Предметната локација припаѓа на зона во која постојано биле присутни интензивни промени во напонската состојба на земјината кора и интензивни тектонски движења. Современата тектонска активност претставува продолжение на осцилаторните движења на поедините блокови меѓусебно поврзани, која активност и денес се чувствува низ почестата
сеизмичка активност на поедини делови од ова подрачје. Долината на река Црн Дрим и



Охридското Езеро со крајбрежјето се смета за еден од сеизмички најактивните региони на Балканот, а интензитетот на максимално очекуваните потреси е до **8^0МКС**.

ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ ПОДАТОЦИ

Овој предел се карактеризира со модифицирана континентална клима. Близината на Јадранското Море не допринесува за промена на климата бидејќи помеѓу Јадранот и Охрид се издигнати високи планини. Меѓутоа, влијание има Охридското Езеро кое преку лето акомулира топлина, така да температурата на воздухот во летниот период е пониска, а во зимскиот повисока поради испуштањето на топлината од самото езеро.

Климата во ова подрачје е изменето умерено континентална, модифицирана во посебна клима на локалното подрачје условена од присуството на езерото. Температурите се поконстантни со мали колебања и осцилации поради што летата се пријатни и топли со свежи ноќи, а зимите се студени но слабо изразени. Есента е значително потопла од пролетта, а релативната влажност е зголемена и преку цела година изнесува околу 74%. Во зима ветровите се најчесто од север, а во лето од југ со максимална јачина од 12 бофори, а честотата на ветровите е: од Север 133‰ од Југ 132‰ од Северо исток 109‰ Југозапад 93‰ и Северозапад 78‰, од останатите правци е незначителна.

Просечната годишна температура во регионот изнесува 11,4^{0}C, а апсолутно минималната -20^{0}C.

Просечната годишна количина на врнежи изнесува 788,5мм, првиот снег се јавува кон 15 декември, а снежната покривка се задржува просечно 24 дена, бројот на мразни денови е 144. Просечно годишно има 4 дена со магла и 15 дена со град. Просечно годишно има 103 ведри дена, 174 облачни и 88 тмурни денови.

Податоците се од мерна станица Струга.

Инсолацијата во Струга и струшкиот регион е мошне висока. Со 2208, 3 часови годишно, Струга го зазема првото место во Република Македонија. Во различните годишни периоди Струга има различен сончев сјај. Така на пример, од месец декември до месец август сончевиот сјај е подолг, а обратно е од месец август до месец декември. Во месеците јули и август просечната инсолација стигнува од 10 до 12 часа, со што позитивно влијае во општата клима на градот Струга.

ХИДРОЛОШКИ ПОДАТОЦИ

Според хидрографската поделба на територијата на Р.Северна Македонија, Општина Струга припаѓа на Јадранскиот речен слив. Преку него се одводнуваат западните и југозападните делови на Р.Северна Македонија односно површина од 3.350 km^2, а според големината претставува втор слив во нашата држава. На него му припаѓаат сливните површини на Охридското и Преспанското Езеро. Најзначајна река во овој слив е реката Црн Дрим.


Најважна карактеристика на овој регион е Охридското Езеро, кое се наоѓа во Охридско - струшката котлина, поточно на 41 степен северна географска широчина и меѓу 20 и 21 степен источна географска должина.

Градот Струга припаѓа на водостопанското подрачје “Охридско - Струшко” кое го опфаќа сливот на Охридско Езеро од македонска страна и сливот на реката Црн Дрим од истекот на Охридско Езеро до профилот на ХЕ “Глобочица”.

Реката Црн Дрим која минува низ Градот е регулирана што овозможува голем степен на заштита од поплави во градот и во Струшко Поле. Реката Сатеска со наносите што ги

носи предизвикува загадување на Охридското Езеро и опасност од големи води во Струшко Поле.

Планскиот опфат на градот Струга зафаќа дел од каналите за одводнување на Струшко Поле.



Извор: Топографска карта (Агенција за катастар на недвижности)

Во планскиот опфат на предметниот план за измена и дополнување на ГУП на Струга (2007-2017) за блок 2 од УЕ 11, Општина Струга се евидентирани 2 водотеци.

ГЕОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Општина Струга се наоѓа во југозападниот дел на Република Северна Македонија, лоцирана на североисточниот брег на Охридското Езеро, со површина од 389,93 km2 . Сместена е помеѓу високите планини Јабланица и Мокра Планина од западната и Галичица од источната страна. Општина Струга се граничи со општините Дебарца на запад и север, Демир Хисар на североисток, Ресен кон исток, а на југ Општината се граничи со Р. Албанија.

Струшката Општина зафаќа површина од 5073 ha или 1/3 од вкупната брегова линија на езерото т.е. половина од вкупната површина на Котлината. На оваа површина се наоѓа градот Струга и 50 населени места.

Планскиот опфат се наоѓа во северниот дел на градот Струга, на надморска височина од 629-695м.

ШУМАРСКИ ПОДАТОЦИ

На подрачјето на општина Струга, шумскиот фонд е застапен на релативно големи површини, од кои поголемиот дел се државни со кои стопанисува ПШС „Јабланица“. Во однос на квалитетот, околу 30, 4 % од шумите со кои стопанисува ПШС „Јабланица“ – Струга се високостеблести, а 69, 9% се нискостеблести.

Планскиот опфат е дел од градот Струга.

ПОДАТОЦИ ЗА ЗАШТИТЕНИТЕ ПРИРОДНИ БЛАГА

Од **МЖСПП Управа за животна средина – Сектор за природа** е добиено известување дека просторот на предметниот плански опфат не влегува во граници на заштитени подрачја утврдени со закон, но се наоѓа во границите на УНЕСКО – Светско природно и културно наследсвто на Охридскиот регион. Примената на мерките за управување со светското природно наследство предвидени во Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион („Сл.весник на Р.Македонија“ бр.75/10) не смее директно и индиректно да доведе до влошување на состојбата со светското природно наследство во Охридскиот регион.

Природното и културното наследство на Охридскиот регион е впишано на Листата на светското наследство на УНЕСКО во согласност со критериумите содржани во Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство на Организацијата на Обединетите нации за образование, наука и култура. Охридскиот регион претставува и дел од Прекуграничниот биосферен резерват на Охридско – Преспанскиот регион со едногласна одлука на Комитетот на УНЕСКО во јуни 2014 година.

Според одредбите во точка 9.2.1 од *План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.45/20), планскиот опфат спаѓа во заштитната зона која е „формирана на деловите под кота 866 m н.в., односно зафаќа простори што се наменети за непродуктивни намени“ т.е. е простор во рамки на „населби и друго градежно земјиште“ кое е категоризирано во **Третата заштитна зона утврдена со границите за заштитни зони на природното наследство**.

1.6 Податоци за создадените вредности и чинители

Општина Струга, како единица на локална самоуправа, ја сочинуваат градот Струга и 50 населени места.

Според добиените податоци од барање на податоци и информации од комуналните институции и претстаници на месната заедница, има постојна комунална инфраструктура во непосредна близина и во рамките на планскиот опфат.

За утврдување на постојната состојба, со увид на терен, направена е инвентаризација на постојната состојба на објектите во рамките на планскиот опфат, при што е утврдена намената, изградената површина и постојна комунална инфра и супраструктура.

АРХИТЕКТОНСКО-ГРАДЕЖНИ ПОДАТОЦИ

Предметниот плански опфат е дел од индустриска зона која се наоѓа во северниот дел на градот Струга.

Во рамките на планскиот опфат има постојни изградени објекти, и тоа: меѓуградска автобуска станица, царински терминал, големи трговски објекти, ресторан, салони за мебел, салон за бела техника, хипер маркети и производни погони за текстил, дрво и столарија, стовариште и неколку складови како и 2 трафостаници.

ДЕМОГРАФСКИ И СТАНБЕНИ ПОДАТОЦИ

Население

Според податоците од пописот на население спроведен 2021, во Општина Струга има 50.980 жители (вкупно резидентно население), од кои од кои 34.969 т.е. 69% претставува расположива работна сила која е значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.

Според етничката припадност, Македонци се 14.900, Албанци 25.785, Турци 3.472, Роми 177, Власи 492, Срби 68, Бошњаци 95 и други 2.464.

Вкупно резидентно население во Република Северна Македонија по 5-годишни возрасни групи и по пол, по општини, Попис 2021

	Мажи	Жени
	Возрасна група - ВКУПНО	Возрасна група - ВКУПНО
Струга	25 355	25 625

Вкупно работоспособно население на возраст од 15 и повеќе според возраст, пол и економската активност, по општини, Попис 2021

		Работоспособно население - ВКУПНО
		Пол - ВКУПНО
Струга	15-19	3 107
	20-24	3 301
	25-29	3 912
	30-34	3 800
	35-39	3 424
	40-44	3 349
	45-49	3 584
	50-54	3 420
	55-59	3 696
	60-64	3 376

Извор: Дражавен завод за статистика

ЕКОНОМСКИ ПОДАТОЦИ

Во планскиот опфат постојат повеќе стопански субјекти кои нудат можности за вработување на работници и кои нудат услуги за задоволување на различни потреби на жителите на градот.

СОЦИЈАЛНИ ПОДАТОЦИ

Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Р. С.Македонија – 2021 старосната структура на населението во Општина Струга е следнава:

Вкупно резидентно население во Република Северна Македонија по 5-годишни возрасни групи и по пол, по општини, Попис 2021

	Пол - ВКУПНО																	
	0-4	5-9	10-14	15-19	20-24	25-29	30-34	35-39	40-44	45-49	50-54	55-59	60-64	65-69	70-74	75-79	80-84	85+
Струга	2 752	3 147	3 000	3 107	3 301	3 912	3 800	3 424	3 349	3 584	3 420	3 696	3 376	2 708	2 076	1 167	752	409

Извор: Дражавен завод за статистика

Во текот на годините, евидентирано е намалување на бројот на населението, што генерално се должи на процесите на миграција.

ЗДРАВСТВЕНИ ПОДАТОЦИ

Во предметниот плански опфат нема објекти за здравствена заштита.

ОБРАЗОВНИ ПОДАТОЦИ

Во предметниот плански опфат нема објекти на образованието.

ПОДАТОЦИ ЗА ЗАШТИТЕНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Според податоци добиени преку допис од **Министерство за култура - Управа за заштита за културно наследство**, констатирано дека во границите на опфатот **нема заштитени добра**, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, со напомена дека доколку при реализација на проектите се појаци археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од *Законот за заштита на културното наследство* (Службен весник на РМ бр. 20/04, 71/14, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14 и 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 20/19, 3/25 и 160/25) т.е изведувачот е должен веднаш да ги прекине работите и да ја извести Управата за заштита на културното наследство.

Согласно донесениот *План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.45/20) планскиот опфат се наоѓа во границите на заштитна зона во ГУП на Струга (културно наследство).

Поконкретно, од добиеното Мислење од **Комисија за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион** (бр.68-11671/2 од 05.12.2022), е утврдено дека планскиот опфат се наоѓа во границите на **III-б заштитна зона** од аспект на заштитата на културното наследство на Охридскиот регион, која има низа на забранети активности и мерки за заштита кои е потребно да се почитуваат и планот да се изработи во согласност со мерките за заштита и забранети активности дефинирани во наведената зона**.**

Забранети активности:

- интензивно земјоделско производтсво со прекуметна употреба на пестициди / ѓубриво кои загадуваат:
- изградба на објекти повисоки од П+5 ката и поголем процент на изграденост од 50%.
- се забранува окрупнување, односно создавање вештачка комбинација на неколку парцели за да се изгради голема градба.
- други активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност.

Новите градби во втората и третата урбана зона согласно Планот, треба да исполнат специфични аспекти со кои ќе бидат испочитувани културните вредности и традиции на историската област, како и условите на постојните структури. Габаритот на градбите треба да е усогласен со контекстот и да не ја нарушува визуелната перцепција ко целината

Старо градско јадро, како и висок квалитет на градба и дизајн, кој се постигнува со особено внимание на пропорциите. Планирањето треба да е во согласност со потребите за урбан развој, а со цел постигнување на наведените аспекти и со максимално почитување на вредностите на Охридскиот регион како светско наследство.

ПОДАТОЦИ ЗА УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО ОД ЗЕЛЕНИОТ КАТАСТАР

Евидентиран е мал дел на постојно зеленило во рамки на неизградените површини на постојните градежни парцели и мал дел на постојно зеленило во рамки на јавните површини.

ПОДАТОЦИ ЗА ВИД И СТЕПЕН НА ЗАГАДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Отпадот од Општина Струга организирано се подига од службите на ЈП ” Комунално”. Општината има привремена депонија каде се депонирал отпадот, која се наоѓа во непосредна близина, северно од планскиот опфат.

Објектите во планскиот опфат се приклучени во градсткиот систем за зафаќање и одведување на фекалните отпадни води.

ВОДОСТОПАНСКИ ПОДАТОЦИ

Во градот Струга има постојни системи за водоснабдување и одведување на урбаните и индустриските отпадни води. Снабдувањето со вода се врши со зафаќање на повеќе извори сместени во пазувите на планината Јабланица. Отпадните води кои се стваараат во домаќинствата и индустријата со секундарни канализациони мрежи се испуштаат во примарниот колектор и доаѓаат во пречистителна станица за отпадни води каде се прочистуваат до одреден степен и се испуштаат во реката Црн Дрим. На подрачјето на општина Струга има една збирна пречистителна станица и шест пумпни станици во вкупна мрежа од 14 км.

Од **ЈП Водовод и канализација Струга** е добиена скица со внесена приближни траси на постоечката водоводна инфраструктура во и покрај планскиот опфат (ПЕ Ø305, ПВЦ Ø110, ПВЦ Ø225, и АЦ Ø80) и канализациона инфраструктура (Ø200) која е во нивна надлежност, како и дел од западниот колектор со Ø600, со кој стопанисува ЈП Колекторски систем – Подружница Охрид.

Од **ЈП Водовод и канализација Струга** е добиена скица со внесена приближни траси на постоечката водоводна инфраструктура во и покрај планскиот опфат (ПЕ Ø305, ПВЦ Ø110, ПВЦ Ø225, и АЦ Ø80) и канализациона инфраструктура (Ø200) која е во нивна надлежност, како и дел од западниот колектор со Ø600, со кој стопанисува ЈП Колекторски систем – Подружница Охрид.

ЈП Колекторски систем – Подружница Охрид е добиена информирмација дека во реонот на наведениот планскиот опфат ЈП„Колекторски системи на РСМ“ стопанисуваат со западниот крак на Колекторскиот систем за заштита на Охридското Езеро кој во предметниот реон се протега на десната страна од патниот правец Струга -Кафасан.

Во недостаток на техничка документација ја имаат доставено приближната позиционираност на детектираните приклучни (собирни) шахти со приближни координати.

Идните проектирани градежни единици преку локален канализационен систем можат да се приклучат на овие приклучни шахти,и отпадните води преку колекторскиот систем се евакуираат до ПС „Струга 3“ која е приклучна точка на источниот и западниот колектор.После тоа отпадните води се евакуираат до пречистителната станица од Колекторски Систем во с.Ложани, од каде после пречистувањето се испуштаат во рецепиентот реката Црн Дрим.

Координати на приклучните шахти

Бр.на шахта	Y	X	забелешка
1	7472356.84	4559780.08	Приклучна шахта
2	7472450.36	4559854.28	Приклучна шахта
3	7472532.08	4559923.65	Приклучна шахта
4	7472673.76	4560033.97	ПС „Индустриска

Од добиено известување од **АД Водостопанство** се констатира дека на север, во планскиот опфат на предметниот план, се наоѓаат 2 одводни канали со забелешка дека треба да се има во предвид да се остави за одржување на каналите заштитни појаси од едната и другата страна на каналот согласно Законот за води.

Од **МЖСПП Управа за животна средина – Сектор за води** е добиено известување дека од увидот во доставениот прилог и извршената просторна идентификација од страна на Службата за просторен информативен систем при Министерството за животна средина и просторно планирање, утврдено дека предметната локација се наоѓа во границите на УНЕСКО - Светското природно и културно наследство во Охридскиот регион. Локацијата во еден дел е на растојание од околу 25м од еден непостојан воден тек. Локацијата на предметниот опфат не е во рамки на предвидените акумулации согласно Водостопанската основа од Просторниот план на Република Македонија 2002-2020.

Воедно, во известувањето е содржана информација дека согласно Законот за води (Службен весник на Република Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и „Сл.весник на РСМ“ бр.151/21 и 3/25) при изработка на проектната документација треба да бидат исполнети одредени критериуми.

Согласно Законот за води, Министерството за животна средина и просторно планирање издава Водостопанска согласност, заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите. Исто така издава дозвола за користење вода и дозвола за испуштање на отпадни води.

Во однос на постојните водостопански објекти во склоп на системите за наводнување и системите за одводнување, надлежен правен субјект кој управува со истите е А.Д. Водостопанство на Република Северна Македонија.

Со оглед на тоа дека предметната локација се наоѓа во границите на УНЕСКО - Светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, за евентуалните посебни услови и препораки што треба да се исполнат при изработката на овој проект, поради кое е потребно да се земе во предвид и мислењето од Управата за животна средина - Сектор за природа при Министерството за животна средина и просторно планирање.

ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ПОДАТОЦИ

Според доставената информација од **Електродистрибуција Скопје**, во планскиот опфат има постојна електрична мрежа – објекти и инфраструктура, и тоа:

- среднонапонска: 10(20)/0.4kV трафостаница и 10(20)kV подземна мрежа;
- нисконапонска: 0.4kV подзамна и надземна мрежа;

Мал ден од планскиот опфат на север зафаќа дел од заштитниот појас на постоен 10(20)kV надземна далновод.

Во добиениот допис е дадена препорака при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација.

Податоците се дадени со забелешка дека се од нивната службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Дополнително е потврдено дека доставените траси на среднонапоскните далноводи, како и локацијата на постојните трафостаници кои се нанесени во графичкиот прилог, имаат отстапувања во точноста на координатите на електроенергетските објекти во однос на фактичката состојба на терен која е снимена во Елаборатот за ажурирана геодетска подлога.

Од **МЕПСО** е добиена информација дека планскиот опфат не се пресекува со постојни и планирани електро-енергетски објекти во нивна сопственост.

СООБРАЌАЈНИ ПОДАТОЦИ

Во близина на Општина Струга се наоѓа аеродромот „Св.Апостол Павле – Охрид“. Струга се наоѓа во југозападниот дел на Република Македонија и е поврзана со сообраќајниот систем на државата преку развиен систем на патни мрежи. Општината е поврзана со патните правци према внатрешноста со Охрид, Дебар и кон Р. Албанија граничниот премин Ќафасан. Сите селски населби се поврзани со градот, поголемиот дел се со асфалтирани локални патишта, а останатите се неасфалтирани земјени патишта

Од планскиот опфат се остварува сообраќајна врска со останатите делови од Општина Струга преку асфалтираниот регионален пат (Р1201) кој поминува на север од планскиот опфат.

ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ ПОДАТОЦИ

Од **Агенцијата за електронски комуникации** и од **Телеком** се добиени известувања со графички прилози на кои се прикажани изградените јавни електронски комуникациски мрежи и системи т.е. постојната МКТ подземна и надземна инфраструктура во планскиот опфат – оптички и бакарни кабли).

Планерот треба да предвиди коридори за кабелска комуникациска инфраструктура за поврзување на новопланираните објекти во предметниот опфат од страна на пристапните улици (во тротоарите и/или друга јавна површина) во согласност со Правилникот за начин на изградба на јавни електронски комуникациски мрежи и придружни средства („Сл.весник на Р.Македонија“ 106/2014, 170/2016). Вкрстувањето на различните правци на планираната инфраструктура да се прави во тротоар.

ПОДАТОЦИ ЗА ДРУГА ИНФРАСТРУКТУРА

ГА-МА и **Национални енергетски ресурси** имаат доставено информации дека во планскиот опфат нема планирани и изведени гасоводни мрежи т.е. нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

Дирекцијата за заштита и спасување – П.О.Охрид не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура во планскиот опфат, а има доставено претходни услови за заштита и спасување кои треба да се вградат во урбанистичкиот план.

Агенцијата за цивилно воздухопловство има доставено информација дека планскиот опфат се наоѓа **во зона** на аеродромот Св.Апостол Павле – Охрид, на цца.5.614м западно од референтната точка на аеродромот, во т.н. конусна рамнина за ограничување на препреки, чија елевација изнесува 820мнв, односно локација каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Имајќи го во предвид претходното, а согласно член 76 од Законот за воздухопловство, потребно е во наведената документација, заради одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се вметнат/запазат следните одредби:

1. Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не надминува елевација од 820мнв.

Доколку во опфатот се планира изградба на објект/и со елевација над дозволената или изградба / поставување на:

2. Издвоени антенски столбови или столбови поставени на објекти со височина поголема од 15м.
3. Оџаци со височина поголема од 30м.
4. Далноводи под напон поголем од 100КВ на премин преку автопат.
5. Ветерници,
6. Други објекти со височина поголема од 100м.,

со цел следење и контрола на просторот од аспект на одржување на безедноста на воздушниот сообраќај, потребно е согласно член 80 од *Законот за воздухопловство* („Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 14/24, 224/24, 3/25 и 144/25), во постапката за издавање на акти за градење согласно Законот за градење, да се достави проектната документација со барање за издавање согласност од Агенцијата за цивилно воздухопловство од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

1.7 Анализа на степенот на реализација на важечкиот урбанистички план

Со важечката Измена и дополна на Генерален урбанистички план Струга (плански период 2007-2017) кој бил донесен од Одлука на Советот на Општина Струга бр.07-643/7 од 05.04.2007 година, ГУП-от бил поделен на 11 Урбани Единици и на 30 блока. Во него, просторот на подрачјето во рамките на предметниот плански опфат се наоѓа во Урбана Единица 11 за блок 2. Со анализа на блокот 2 од Урбаната Единица 11, утврдено е следново:

- Во Блокот 2 евидентирани се 3 класи на намени и тоа:

Б – Комерцијални и деловни намени
Г5 – Сервисни дејности
Д2 – Заштитно зеленило

БЛОК	ПОВРШИНА
02.Б	97961,95
02.Б	73645,82
02.Д2	16599,20
02.Д2	8987,88
02.Г5	17070,61
ВКУПНО	214265,46

- Најголем дел од намените зафаќа намената Б – Комерцијални и деловни намени.

Од анализата на постојната состојба произлегува дека предметниот плански опфат е делумно изграден со голем појас на неизградени површини и делумно опремен со комунална инфраструктура.

Според доставените информации од Општина Струга, за предметниот плански опфат нема Измена и дополна на важечкиот ГУП.

При направената споредба и анализа на намени во важечкиот ГУП и по извршената инвентеризација на постојна состојба, константирано е, дека голем дел од намената Б, на терен е контстатирана како намена Г. Евидентирани се на терен и намените В – Јавни дејности и институции и Г – Рударство, Енергетика, Индустрија.

Ова е евидентна неусогласеност со важечкиот ГУП и намените на лице место. Поради горе наведената констатација, утврдена е и неоходно е, да се вклучат планираните намени В и Г во предметниот плански опфат.

1.8 Оценка за можностите и ограничувањата на просторниот развој

По анализата на постојната состојба, просторните услови, како и потребите и барањата за нови инвестиции во градежното земјиште, произлезена е можност за планирање на просторот и реализација на нова Измена и дополна на ГУП на Струга за блок 2 од УЕ 11, Општина Струга, која треба да се движи во насока на рационално искористување на градежното земјиште и дефинирање урбанистички параметри согласно постојната законска и подзаконска регулатива.

Предметниот плански опфат е делумно изграден, со голем појас на неизградено земјиште и делумно опремен со комунална инфраструкутра како и со делумно реализирана улична мрежа.

При направената инвентаризација на постојната состојба неизграденото земјиште зафаќа 6,73 ха односно 27,6% од вкупната површина на Блок 2. Со планот се очекува неизграденото земјиште да добие соодветна намена во однос на Блок 2.

Во рамки на опфатот се наоѓа постојната меѓуградска автобуска станица. Од економски аспект, особено значајно е постоењето на активни деловни субјекти, но и можностите за идни инвестиции кои би биле зголемени со планирање на нови класи на намени.

Имајќи ја во предвид диспозицијата во однос на градот Струга и намените кои егзистираат на тој простор, создавањето на услови кои ќе ги придонесе планот – Измена и дополнување на ГУП Струга (2007-2017) за блок 2 од УЕ 11, Општина Струга (пл.период 2022-2032) ќе овозможи, привлекување на нови инвестиции и нови корисници на просторот, а со тоа и поголем локален економски развој на Општина.

Од анализата на постојната состојба, потребите и барањата за нови инвестиции на просторот и поставките и насоките дадени со Измена и дополна на ГУП на Град Струга, можностите за просторен развој треба да се движат во насока на:

- создавање на услови за зголемување на вредноста на земјиштето и степенот на уреденост на просторот, услови за планирани организирани простори и одредување на наменски зони и планирање на компатибилни класи на намена на основната класа на намена, комплементарни и алтернативни со цел збогатување на содржините во планскиот опфат.

- дефинирање на оптимални плански решенија и инфраструктурни водови, при тоа имајќи ги во предвид природните погодности и ограничувања како и создадениот материјален фонд, преку анализа на постојната состојба и имајќи ги во предвид досегашните детални урбанистички планови.

- рационално користење на земјиштето;
- максимално вклопување на објектите и инфраструктурата со теренот;
- почитување и заштита на правото на човекот на работа;
- почитување и надградување на пејсажните вредности;
- вградување компатибилни намени на групата на класа на намена;
- вградување на комплеметарни намени
- вградување на алтернативни намени
- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина;
- вградување мерки за заштита и спасување;
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето.

- Дефинирање на сообраќајната мрежа
- телекомуникациски услуги;
- дооформување на веќе реализираната фекална мрежа
- дооформување на веќе реализираната водоводна мрежа
-реализација на комплетно нова атмосферска мрежа поради необходност и не предвидување во важечкиот ГУП.

Создавањето на услови за реконструкција на постојната, но и изградба на нова инфраструктура, ќе предизвика позитивни импулси и ефекти од аспект на повисока организација и уреденост на просторот.

Планирањето на просторот е за можност за нови инвестиции во општина Струга. Планскиот опфат во Блок 2, е од интерес на општината Струга, и со овој план треба да овозможи за остварување на простор за работа, дистрибуција, производство и сервиси и остварување материјална добивка. Заради флексибилност во користењето на просторот и можностите при спроведување на планот се планираат групи на класи на намени, класи на намени, поединечни намени како и компатибилни, комплементарни и алтернативни намени.

Постојат одредени ограничувања кои влијаат на просторниот развој на конкретниот плански опфат заради тоа што планскиот опфат се наоѓа во:

- **заштитна зона во границите на ГУП на Струга (културно наследство)** од аспект на заштитата на културното наследство на Охридскиот регион, за која важат дефинирани мерки и одредби, како и забранети активности кои се утврдени во *Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.45/20).

- **трета заштитна зона утврдена со границите за заштитни зони на природното наследство**, која е „формирана на деловите под кота 866 m н.в., односно зафаќа простори што се наменети за непродуктивни намени“ т.е. е простор во рамки на „населби и друго градежно земјиште“, според одредбите во точка 9.2.1 од *План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.45/20).

- **во зона** на аеродромот Св.Апостол Павле – Охрид, на цца.5.614м западно од референтната точка на аеродромот, во т.н. конусна рамнина за ограничување на препреки, чија елевација изнесува 820мнв, односно локација каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.


Билансни показатели

Табела 1- Површини на намени од документациона основа

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА СТРУГА (2007-2017) ЗА БЛОК 2 ОД УЕ 11 ОПШТИНА СТРУГА (ПЛ.ПЕРИОД 2022-2032)	БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ ОД ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА				
	Група на класи на намена	**Основна класа на намена или поединечна класа на намена**	**Површина ha**	**Процент на основна класа на намена %**	**Вкупен процент на група на класа на намена %**
	Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	Б1 - Мали единици за комерцијални и деловни дејности	0,15	0,6%	**33,9%**
		Б2 - Големи единици за трговија	6,62	27,2%	
		Б3 - Големи единици за угостителска дејност	0,37	1,5%	
		Б4 - Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради	1,12	4,6%	
	В - ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ	В4 - Државни администрации и институции (ЈП Национални шуми - Струга)	1,23	5,0%	**0,05**
	Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА	Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Г4 - Стоваришта, складови и отпади	3,28	13,5%	**14,0%**
		Г3 - Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори	0,13	0,6%	
	Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ	Д2- Заштитно и сообраќајно зеленило	0,06	0,2%	**0,00**
	Е - ИНФРАСТРУКТУРА	Е1.1 - сообраќајни, линиски и други инфраструктури (улици и пешачка површина)	0,82	3,4%	**19,1%**
		Е1.8 - инфраструктури за пренос на ел.енергија (трафостаница)	0,01	0,0%	
		Е1.11 - Инфраструктура за одводнување	0,44	1,8%	
		Е2.1 - Згради и комплекси на патниот сообраќај - автобуска станица и шпедиција	3,39	13,9%	
	НЗ - неизградено земјиште		6,73	27,6%	**27,6%**
	ВКУПНО		**24,36**	**100%**	**100%**

ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ
– ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

КЛАСА НА НАМЕНА	А	Б	В	Г	Д	СООБРАЌАЈ	РЕКА	ВКУПНО	ПРОЦЕНТ
БЛОК1	0,00	27592,10	101337,79	17979,16	83824,29	0,00	0,00	231133,33	4,52%
БЛОК2	0,00	121607,77	0,00	17070,61	25587,08	0,00	0,00	214265,46	4,19%
БЛОК3	0,00	22225,30	16326,24	19576,28	18576,70	12489,33	19576,28	108770,14	2,13%
БЛОК4	0,00	55961,30	17589,93	20992,01	153621,46	2684,60	0,00	250849,31	4,91%
БЛОК5	33050,57	98457,79	49853,00	0,00	70983,30	0,00	0,00	252205,01	4,93%
БЛОК6	61963,00	0,00	10432,00	0,00	0,00	0,00	0,00	72395,23	1,42%
БЛОК7	142990,18		0,00	6467,48	0,00	0,00	0,00	149457,65	2,92%
БЛОК8	187660,00		49396,38	0,00	0,00	0,00	0,00	237056,38	4,64%
БЛОК9	146901,91	6008,57	0,00	5429,74	8374,71	0,00	0,00	166714,92	3,22%
БЛОК10	103046,75	34454,71	19650,90	0,00	1474,79	0,00	0,00	158627,15	3,10%
БЛОК11	121405,28		11763,43	0,00	0,00	0,00	0,00	133168,72	2,60%
БЛОК12	60156,34	47663,78	946,54	1901,96	10159,10	13183,16	2496,72	116507,61	2,28%
БЛОК13	108739,91	19069,08	12275,71	521,62	0,00	6253,69	0,00	146910,00	2,87%
БЛОК14	22852,37	20926,39	7947,26	0,00	1072,17,4	4367,47	0,00	66815,26	1,31%
БЛОК15	106236,52	10721,57	1366,79	1015,19	8066,97	0,00	0,00	127407,04	2,49%
БЛОК16	59655,19	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	59655,19	1,17%
БЛОК17	131672,70	20151,39	17491,43	0,00	0,00	0,00	0,00	169369,53	3,31%
БЛОК18	100812,76	6258,28	2611,88	0,00	0,00	0,00	0,00	109682,92	2,15%
БЛОК19	59330,83		37255,02	0,00	6136,60	0,00	0,00	97721,46	1,91%
БЛОК20	111765,90		0,00	1152,41	0,00	0,00	0,00	112918,31	2,21%
БЛОК1	98106,88		0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	98106,88	1,92%
БЛОК2	126126,12		24174,53	0,00	0,00	0,00	0,00	150300,65	2,94%
БЛОК3	91087,77	14932,78	5998,20	29574,34	0,00	0,00	0,00	141593,09	2,77%
БЛОК4	138065,60		9200,00	2984,48	0,00	0,00	0,00	150250,67	2,94%
БЛОК5	157549,71	2035,86	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	159585,71	3,12%
БЛОК6	0,00	159680,98	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	159680,98	3,12%
БЛОК7	0,00	1853,39	4528,46	0,00	63914,92	0,00	0,00	70296,77	1,37%
БЛОК8	0,00	42433,22	8523,15	0,00	116522,57	0,00	0,00	167478,89	3,28%
БЛОК30	0,00	0,00	0,00	392595,15	0,00	0,00	0,00	392595,15	7,68%
СООБРАЌАЈ	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	564218,00	0,00	564218,00	11,04%
РЕКА	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	79197,89	79197,89	1,55%
ВКУПНО	3332300,28	762414,27	403568,67	517260,43	577864,17	603196,26	101270,90	5112924,28	100,00%
ПРОЦЕНТ	65,17%	14,91%	7,90%	10,12%	11,30%	11,80%	1,98%	100,00%	



- А. ДОМУВАЊЕ
  - А1. Семејно домување во куќи
  - А2. Семејно домување во згради
  - А3. Групно домување
  - А4. Времено домување
- Б. КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
  - Б1. Мали комерцијално деловни единици
  - Б2. Големи трговски единици
  - Б3. Големи угостителски единици
  - Б4. Деловни простори
  - Б5. Хотелски комплекси
  - Б6. Простори за собири
- В. ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ
  - В1. Образование
  - В2. Здравство
  - В3. Култура
  - В4. Државни институции
  - В5. Верски институции
- Г. ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ
  - Г1. Тешка и загадувачка индустрија
  - Г2. Лесна и незагадувачка индустрија
  - Г3. Сервиси
  - Г4. Стоваришта
  - Г5. Инфраструктура
- Д. ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА
  - Д1. Парковско зеленило
  - Д2. Заштитно зеленило
  - Д3. Спорт и рекреација
  - Д3. Плажа
- СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ
- СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ ОД ПОНИЗОК РАН
- РЕКА-ВОДА
- ДУХОВНА КУЛТУРА - ЦРКВИ И ЏАМИИ

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА СТРУГА (2007-2017) ЗА БЛОК 2 ОД УЕ 11 ОПШТИНА СТРУГА (ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2022-2032) ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

M=1:5000

ЛЕГЕНДА:
ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ ПОКЛопа

ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ
ЕКСПЕРТСКИ ХЕРОЈ, ВИТ ПЕТЕТА ТОМО СКОПЈЕ

НАРАЧАТЕЛ
ОПШТИНА СТРУГА

СОДРЖИНА
ИЗВОД ОД ГУП СТРУГА 2007-2017 - НАМЕНА НА ПОВРШИНИ, СО НАНЕСЕНА ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

ФАЗА
НАЦРТ ПЛАН

ПЛАН
ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГУП НА СТРУГА (2007-2017) ЗА БЛОК 2 ОД УЕ11 ОПШТИНА СТРУГА (ПЛ.ПЕРИОД 2022-2032)

ТЕХ.БР.
04/2022

ПЛАНЕР
СИЛВАНА ВАНОВСКА дипл.инж.арх. овластувања 0.0065


СОРАБОТНИЦИ
ЕМИЛИЈА СПИРОВСКА дипл.инж.арх. овластувања 0.0381
ЕЛЕОНОРА ЗДРАВКОВСКА маг.инж.арх.
СОЊИЦА ЈАНКУЛОВСКА маг.проб.
ИВИЦА СТОЈКОВСКИ дипл.соц.инж. овластувања А 5.0034

УПРАВИТЕЛ
СИЛВАНА ВАНОВСКА дипл

РАЗМЕР
М = 1: 5000

ДАТА
МАРТ 2024


ЛИСТ
1



Легенда:
- плански опфат ГУП
- проширен опфат за ажурирање
- катастарски парцели
- објекти
- нови објекти
- настршници
- времени објекти
- асфалтирана улица
- паркинг
- земјен пат
- ограда
- водотек
- брег на река
- брег на канал
- потпорен ѕид
- шахта на подземен резервоар
- пумпна станица
- далековод
- улично осветлување
- дрвена електрична бандера
- бетонска електрична бандера
- трафостаница
- шахта
- сливник
- деловен објект
- помошен објект
- зеленило
- поништен објект

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА СТРУГА (2007-2017) ЗА БЛОК 2 ОД УЕ 11 ОПШТИНА СТРУГА (ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2022-2032) ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

M=1:2500



ЛЕГЕНДА:
ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=24.36ха

ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ „КОСТУРСКИ ХЕРОИ" БР.15/1-01А 1000 СКОПЈЕ
ЛИЦЕНЦА БР. 0.095

НАРАЧАТЕЛ
ОПШТИНА СТРУГА

СОДРЖИНА
АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

ФАЗА
НАЦРТ ПЛАН — У

ПЛАН ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГУП НА СТРУГА (2007-2017) ЗА БЛОК 2 ОД УЕ11 ОПШТИНА СТРУГА (ПЛ.ПЕРИОД 2022-2032) — ТЕХ.БР. 04-03/22

ПЛАНЕР
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа овластување 0.0065


СОРАБОТНИЦИ
ЕМИЛИЈА СПИРОВСКА дипл.инж.арх. овластување 0.0381
ЕЛЕОНОРА ЗДРАВКОВСКА маг.инж.арх.
СОФИЈА ЈАНКУЛОВСКА маг.урб.
ИВАЦА СТОМПОВСКИ дипл.сообр.инж. овластување А 5.0034

УПРАВИТЕЛ	РАЗМЕР	ДАТА	ЛИСТ
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа	М = 1: 2500	МАРТ 2024	2

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА СТРУГА (2007-2017) ЗА БЛОК 2 ОД УЕ 11 ОПШТИНА СТРУГА (ПЛ.ПЕРИОД 2022-2032)

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ ОД ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Група на класи на намена	Основна класа на намена или поединечна класа на намена	Површина ha	Процент на основна класа на намена %	Вкупен процент на група на класа на намена %
Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	Б1 - Мали единици за комерцијални и деловни дејности	0,15	0,6%	33,9%
	Б2 - Големи единици за трговија	6,62	27,2%	
	Б3 - Големи единици за угостителска дејност	0,37	1,5%	
	Б4 - Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради	1,12	4,6%	
В - ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ	В4 - Државни администрации и институции (ЈП Национални шуми - Струга)	1,23	5,0%	0,05
Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА	Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Г4 - Стоваришта, складови и отпади	3,28	13,5%	14,0%
	Г3 - Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори	0,13	0,6%	
Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ	Д2- Заштитно и сообраќајно зеленило	0,06	0,2%	0,00
Е - ИНФРАСТРУКТУРА	Е1.1 - сообраќајни, линиски и други инфраструктури (улици и пешачка површина)	0,82	3,4%	19,1%
	Е1.8 - инфраструктури за пренос на ел.енергија (трафостаница)	0,01	0,0%	
	Е1.11 - Инфраструктура за одводнување	0,44	1,8%	
	Е2.1 - Згради и комплекси на патниот сообраќај - автобуска станица и шпедиција	3,39	13,9%	
НЗ - неизградено земјиште		6,73	27,6%	27,6%
ВКУПНО		24,36	100%	100%



ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА СТРУГА (2007-2017) ЗА БЛОК 2 ОД УЕ 11 ОПШТИНА СТРУГА (ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2022-2032) ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

M=1:2500

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П = 24,36ha
- ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА
- ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈ
- НЗ — НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ

КЛАСИ НА НАМЕНА:

Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
- Б1 — МАЛИ ЕДИНИЦИ ЗА КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ ДЕЈНОСТИ
- Б2 — ГОЛЕМИ ЕДИНИЦИ ЗА ТРГОВИЈА
- Б3 — ГОЛЕМИ ЕДИНИЦИ ЗА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ
- Б4 — ДЕЛОВНИ И КОМЕРЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ ВО ГОЛЕМИ КАНЦЕЛАРИСКИ ЗГРАДИ

В ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ
- В4 — ДРЖАВНИ АДМИНИСТРАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ - ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ - СТРУГА

Г РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА
- Г2 — ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА
- Г3 — ИНД. ЗА СКЛОПУВАЊЕ НА ФИНАЛНИ ПРОИЗВОДИ, СЕРВИСНИ УСЛУГИ И ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ
- Г4 — СТОВАРИШТА, СКЛАДОВИ И ОТПАДИ

Д ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
- Д2 — ЗАШТИТНО И СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО

Е ИНФРАСТРУКТУРИ
- Е1.1 — СООБРАЌАЈНИ, ЛИНИСКИ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРИ - СООБРАЌАЈНА ПОВРШИНА
- Е1.8 — ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА- ТРАФОСТАНИЦА
- Е1.11 — ИНФРАСТРУКТУРИ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ
- Е2 — ЗГРАДИ И КОМПЛЕКСИ НА ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ СИСТЕМИ-АВТОБУСКА СТАНИЦА СО ЦАРИНСКИ ТЕРМИНАЛ

ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ „КОСТУРСКИ ХЕРОИ" БР.15/1-0ТА 1000 СКОПЈЕ ЛИЦЕНЦА БР. 0.095

НАРАЧАТЕЛ
ОПШТИНА СТРУГА

СОДРЖИНА
ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД

ФАЗА
НАЦРТ ПЛАН — У

ПЛАН ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГУП НА СТРУГА (2007-2017) ЗА БЛОК 2 ОД УЕ11 ОПШТИНА СТРУГА (ПЛ.ПЕРИОД 2022-2032) — ТЕХ.БР. 04-03/22

ПЛАНЕР
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа овластување 0.0065

СОРАБОТНИЦИ
ЕМИЛИЈА СПИРОВСКА ,дипл.инж.арх. овластување 0.0381
ЕЛЕОНОРА ЗДРАВКОВСКА маг.инж.арх.
СОФИЈА ЈАНКУЛОВСКА маг.урб.
ИВИЦА СТОИЛОВСКИ дипл.сооб.инж. овластување А 5.0034

УПРАВИТЕЛ
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа

РАЗМЕР М=1:2500 | ДАТА МАРТ 2024 | ЛИСТ 3


ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА СТРУГА (2007-2017) ЗА БЛОК 2 ОД УЕ 11

ОПШТИНА СТРУГА

(ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2022-2032)

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

M=1:2500



ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П = 24,36ha
- ГРАНИЦА НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- ПОСТОЈНА УЛИЦА
- КАНАЛ
- ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- ПОСТОЈНА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА
- ПОСТОЕН БАКАРЕН КАБЕЛ (АЕК)
- ПОСТОЕН КОАКСИЈАРЕН КАБЕЛ (АЕК)
- ПОСТОЕН ОПТИЧКИ КАБЕЛ (АЕК)
- ПОСТОЈНА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНСТАЛАЦИЈА (ТЕЛЕКОМ)
- ПОСТОЈНА ТРАФОСТАНИЦА ТС 10/0,4kV
- ПОСТОЈНА 10(20)kV НАДЗЕМНА МРЕЖА
- ПОСТОЈНА 10(20)kV ПОДЗЕМНА МРЕЖА
- ПОСТОЈНА 0,4kV НАДЗЕМНА МРЕЖА
- ПОСТОЈНА 0,4kV ПОДЗЕМНА МРЕЖА

ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ ЛИЦЕНЦА БР. 0.095
„КОСТУРСКИ ХЕРОИ" БР.15/1-01А 1000 СКОПЈЕ

НАРАЧАТЕЛ
ОПШТИНА СТРУГА

СОДРЖИНА
ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА И ДРУГА ИНФРАТСРУКТУРА

ФАЗА
НАЦРТ ПЛАН — У

ПЛАН
ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГУП НА СТРУГА (2007-2017) ЗА БЛОК 2 ОД УЕ11 ОПШТИНА СТРУГА (ПЛ.ПЕРИОД 2022-2032)
ТЕХ.БР. 04-03/22

ПЛАНЕР
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа овластување 0.0065


СОРАБОТНИЦИ
ЕМИЛИЈА СПИРОВСКА дипл.инж.арх. овластување 0.0381
ЕЛЕОНОРА ЗДРАВКОВСКА маг.инж.арх.
СОФИЈА ЈАНКУЛОВСКА маг.урб.
ИВИЦА СТОИЛОВСКИ дипл.сообр.инж. овластување А 5.0034

УПРАВИТЕЛ
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа

РАЗМЕР M=1:2500 | ДАТА МАРТ 2024 | ЛИСТ 4

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА СТРУГА (2007-2017) ЗА БЛОК 2 ОД УЕ 11
ОПШТИНА СТРУГА
(ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2022-2032)
ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

M=1:2500



ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=24,36 ha
- ПОСТОЈНО ЗЕЛЕНИЛО НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ
- ПОСТОЈНО ВИСОКО ЗЕЛЕНИЛО НА НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ

ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ ЛИЦЕНЦА БР. 0.095
„КОСТУРСКИ ХЕРОИ" БР.15/1-01А 1000 СКОПЈЕ

НАРАЧАТЕЛ
ОПШТИНА СТРУГА

СОДРЖИНА
ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА УРБАНОТО И ДРУГОТО ЗЕЛЕНИЛО

ФАЗА
НАЦРТ ПЛАН — У


ПЛАН ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГУП НА СТРУГА (2007-2017) ЗА БЛОК 2 ОД УЕ11 ОПШТИНА СТРУГА (ПЛ.ПЕРИОД 2022-2032) — ТЕХ.БР. 04-03/22

ПЛАНЕР
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа овластување 0.0065

СОРАБОТНИЦИ
ЕМИЛИЈА СПИРОВСКА ,дипл.инж.арх, овластување 0.0381
ЕЛЕОНОРА ЗДРАВКОВСКА маг.инж.арх.
СОФИЈА ЈАНКУЛОВСКА маг.урб.
ИВИЦА СТОИЛОВСКИ дипл.сообр.инж. овластување А 5.0034

УПРАВИТЕЛ	РАЗМЕР	ДАТА	ЛИСТ
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа	М=1:2500	МАРТ 2024	5


План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)



Слика 51. Заштитни зони во граници на ГУП на Струга (културно наследство).

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА СТРУГА (2007-2017) ЗА БЛОК 2 ОД УЕ 11 ОПШТИНА СТРУГА (ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2022-2032) ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

M=1:14000



ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА ГУП СТРУГА
- ЗАШТИТНА ЗОНА ВО ГРАНИЦИТЕ НА ГУП СТРУГА III - 6 (КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО)
- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=24,36 ha

ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ
„КОСТУРСКИ ХЕРОИ" БР.15/1-01А 1000 СКОПЈЕ
ЛИЦЕНЦА БР. 0.095

НАРАЧАТЕЛ
ОПШТИНА СТРУГА

СОДРЖИНА ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ, ГРАДБИ ОД КУЛТУРНО–ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ И КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ

ФАЗА
НАЦРТ ПЛАН — У

ПЛАН ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГУП НА СТРУГА (2007-2017) ЗА БЛОК 2 ОД УЕ11 ОПШТИНА СТРУГА (ПЛ.ПЕРИОД 2022-2032) — ТЕХ.БР. 04-03/22

ПЛАНЕР
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа овластување 0.0065


СОРАБОТНИЦИ
ЕМИЛИЈА СПИРОВСКА дипл.инж.арх. овластување 0.0381
ЕЛЕОНОРА ЗДРАВКОВСКА маг.инж.арх.
СОФИЈА ЈАНКУЛОВСКА маг.урб.
ИВИЦА СТОИЛОВСКИ дипл.сооб.инж. овластување А 5.0034

УПРАВИТЕЛ	РАЗМЕР	ДАТА	ЛИСТ
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа	М = 1: 14000	МАРТ 2024	6



ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА СТРУГА (2007-2017) ЗА БЛОК 2 ОД УЕ 11 ОПШТИНА СТРУГА (ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2022-2032) ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

M=1:4000



ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=24,36 ha

ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ
„КОСТУРСКИ ХЕРОИ" БР.15/1-01А 1000 СКОПЈЕ
ЛИЦЕНЦА БР. 0.095

НАРАЧАТЕЛ
ОПШТИНА СТРУГА

СОДРЖИНА
САТЕЛИТСКА СНИМКА - АКН

ФАЗА
НАЦРТ ПЛАН — У

ПЛАН ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГУП НА СТРУГА (2007-2017) ЗА БЛОК 2 ОД УЕ11 ОПШТИНА СТРУГА (ПЛ.ПЕРИОД 2022-2032)
ТЕХ.БР. 04-03/22

ПЛАНЕР
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа овластување 0.0065

СОРАБОТНИЦИ
ЕМИЛИЈА СПИРОВСКА дипл.инж.арх. овластување 0.0381
ЕЛЕОНОРА ЗДРАВКОВСКА маг.инж.арх.
СОФИЈА ЈАНКУЛОВСКА маг.урб.
ИВИЦА СТОИЛОВСКИ дипл.сооб.инж. овластување А 5.0034

УПРАВИТЕЛ	РАЗМЕР	ДАТА	ЛИСТ
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа	М = 1: 4000	МАРТ 2024	7

2. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

2.1 Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период

Согласно со член 11 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.весник на Р.Северна Македонија" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), изработена е **Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на Струга (2007-2017) за блок 2 од УЕ 11, Општина Струга (пл.период 2022-2032)**.

2.2 Прецизен опис на границата на планскиот опфат

Планскиот опфат се наоѓа во северниот дел на градот Струга.

Границата на планскиот опфат за **Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на Струга (2007-2017) за блок 2 од УЕ 11, Општина Струга** (пл.период 2022-2032) е превземена од важечкиот Измена и дополна на ГУП на град Струга плански период 2007-2017 година (донесен со одлука бр.07-643/07 од 05.04.2007), и е следнава:

- од северо-запад по сервисна улица „Се1"- од кординати на висинска точка 10 до 12
- од исток градска магистрална улица „М3" - од кординати на висинска точка 12 до 5
- од југ магистралан улица „М1"- транзитна магистрална улица - од кординати на висинска точка 5 до 7
- од запад сервисна улица „Се2"- од кординати на висинска точка 7 до 10

1.	Y=7472591.2438 X=4559954.5520
2.	закривеност -0.1750 центар Y=7473095.7302 X=4559149.5716 радиус 950.0000 почетен агол 122 краен агол 82
3.	Y=7473221.9810 X=4560091.1451
4.	закривеност -0.0554 центар Y=7474018.2031 X=4560168.8003 радиус 800.0000 почетен агол 186 краен агол 173
5.	Y=7473224.3567 X=4560267.8352
6.	Y=7473231.5596 X=4560325.5721
7.	Y=7472987.7194 X=4560314.1198
8.	закривеност 0.1527 центар Y=7473025.2509 X=4559515.0007 радиус 800.0000 почетен агол 93 краен агол 127
9.	Y=7472539.0497 X=4560150.3025
10.	закривеност 0.0026 центар Y =7473025.2509 X=4559515.0007

	радиус 800.0000 почетен агол 127 краен агол 128
11.	Y=7472532.5162 X=4560145.2487
12.	Y=7472532.5162 X=4560145.2487
13.	Y=7472260.0113 X=4559641.6074
14.	Y=7472390.7133 X=4559786.3220
15.	закривеност -0.0692 центар Y=7473095.7302 X=4559149.5716 радиус 950.0000 почетен агол 138 краен агол 122

Вкупната површина опфатена во рамките на опишаната граница на планскиот опфат изнесува 24.36ha.

2.3 Стратешки определби што произлегуваат од развојни стратегии, просторни и урбанистички планови од повисоко ниво

Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира намалување на регионалните диспропорции, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Основни претпоставки на кои се базира стратегијата на рамномерен развој се следните:

- уважување на реалните фактори на развој;
- превземање стимулативни мерки од страна на државните и други фондови и други видови поддршка за програми на локалните заедници и стопанските актери.

Дел од оваа стратегија е поттикнување на соодветни програми за подобрување на квалитетот на живеење во населбите, како и стимулирање на развојот во помалите градови. Деметрополизацијата (селективното пренесување на одделни функции и активности, управно-административни, економски, културни и други, од републичкиот центар во други градови) зацртана во Просторниот план, не значи запирање на неговиот развој, туку неопходност за квалитативната трансформација на просторните и социо-економските структури.

Во инвестиционите одлуки за материјалното производство, стриктно се почитуваат локациониte, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

Една од основните цели на Просторниот план се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, особено дефицитарните и стратешки значајните за развојот и квалитетот на живеењето во Република Македонија.

Основните стратешки определби во Просторниот план на Република Македонија е приоритетот во заштита на водите од Прва и Втора класа, од кои е предвидено да се врши водоснабдување на населените места.

Неопходно е воспоставување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на норми и стандарди за градба.

Во заштитата на природните и културните вредности и напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на унапредувањето и заштитата на животната средина.

При изработка на важечкиот ГУП, биле утврдени следниве насоки за развој:

Моделот на просторната организација на градот подразбира дефинирање на моделите на одделни урбани содржини и инфраструктурни системи во рамките на комплексниот социоекономски и просторен систем на градот.Усвоените модели во чии рамки ќе се одвива развојот на најважните градски функции предвидуваат:

- подобрување на стандардот на домувањето, егализација на животните услови на целата територија на градот, супституција на станбениот фонд со низок квалитет, реконструкција на станбениот фонд со низок квалитет, елиминирање на процесот на бесправна градба, инфраструктурно екипирање;
- просторно - физичко дооформување и докомплетирање на стопанските зони и нивното инфраструктурно екипирање со целосно почитување на принципите и критериумите за заштита на животна средина и одржливиот развој;
- воедначување на просторната дисперзија на нестопанските дејности и функции на општествената надградба (општествен стандард, терцијарни дејности и јавни функции) и подобрување на нивниот квалитет;
- формирање на систем на центри во градот со различно ниво на фукционална екипираност во зависност од нивното хиерархиско ниво;
- оптимализирање на услови за одмор, рекреација и спортување на граѓаните преку формирање и уредување на јавни зелени површини, рекреативни терени и комплекси и спортски центри;

2.4 Образложение на планскиот концепт за просторниот развој

Планскиот концепт за просторен развој се базира на: насоките дадени во постојните просторни планови (Просторниот план на Р.Македонија и Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион), важечката законска и подзаконска регулатива (*Законот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и *Правилникот за урбанистичко планирање* (“Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25 и 30/26); извршените анализи за просторните и природните специфики на **градот Струга** и можностите за негов развој.

Општи цели за изработка на **Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на Струга (2007-2017) за блок 2 од УЕ 11, Општина Струга (пл.период 2022-2032)** се:

1. рамномерен просторен развој;
2. рационално уредување и користење на просторот;
3. создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на граѓаните;
4. надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет;
5. одржлив просторен развој;
6. сочувување на квалитетот и унапредување на животната средина и природата;

7. справување со климатските промени;
8. сочувување и заштита на недвижното културно наследство и
9. безбедност од природни и технолошки катастрофи и хаварии.

Целите на урбанистичкото планирање се остваруваат со применувањето на начелата на урбанистичкото планирање и уредувањето на просторот во процесот на изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови и тоа:

1. интегрален пристап во планирањето;
2. грижа и развој на регионалните особености;
3. остварување на јавниот интерес и заштита на приватниот интерес;
4. јавност во постапката за изработување, донесување и спроведување на плановите;
5. инклузивност и партиципативност во постапката за изработување, донесување и спроведување на плановите;
6. хоризонтална и вертикална усогласеност и координација во планирањето и
7. уважување на научно и стручно утврдените факти и стандарди.

Цел на изработка на Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на Струга (2007-2017) за блок 2 од УЕ 11, Општина Струга (пл.период 2022-2032) е промена на намената на делови од блок 2, согласно важечката законска и подзаконска регулатива, за синхроничната постапка и потребата од ДУП со редефинирани граници на наменски зони за овозможување на изработка на ДУП кој ќе понуди рационално и реално планско решение за блкот 2, соодветно на новите можности и потреби на нови инвестициски вложувања.

2.5 Опис и образложение на планските решенија

Планските решенија на **Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на Струга (2007-2017) за блок 2 од УЕ 11, Општина Струга (пл.период 2022-2032)** се направени врз основа на член 11 од *Законот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и член 30 од *Правилникот за урбанистичко планирање* (“Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25 и 30/26), како и одобрената Планска програма.

Врз основа на член 32 став 1 точка 2 од законот, тој се изработува во СИНХРОНИЧНА постапка со **Измена и дополнување на Детален урбанистички план во УЕ 11 блок 2 дел 1, Општина Струга (пл.период 2022-2027).**

Со планското решение на **Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на Струга (2007-2017) за блок 2 од УЕ 11, Општина Струга (пл.период 2022-2032)**:

- утврдена е границата на Блокот 2 со површина од 24,36ha;
- направена е поделба на Блокот 2 на 3 дела за детално планирање
- формирани се 5 групи на класи на намена, од кои 2 се нови, за прв пат применувани во блок 2 УЕ 11 и соодветно усогласување на намената од важечкиот ГУП – Г5 во Е2.
- зонирање со класи на намени;

- направена е регулација на неопходното земјиште за општа употреба (улици и пешачка површина);
- планско решение на главните сообраќајници и нивелманот се делумно превземени од важечкиот ГУП, односно сервисната улица Се1 е корегирана во согласност со член 145 од *Правилникот за урбанистичко планирање* (“Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25 и 30/26),
- планирана е водоводна, канализациона и атмосферска мрежа во зависност од потребноста,
- утврдени се општите услови за градба, како и сите релевантни мерки за заштита.

2.5.1 Наменска употреба на земјиштето

Намената на земјиштето во урбанистичкиот план се спроведува со системот на класи на намени, кој е инструмент на урбанистичкото планирање со кој се врши класификација на дејностите и активностите во рамките на планските опфати на урбанистичките планови и урбанистичките проекти и нивна меѓусебно усогласена и урамнотежена просторна разместеност.

Врз основа на одобрената Планска програма и планираните намени во **Измената и дополнување на Генералниот урбанистички план на Струга (2007-2017) во УЕ 11 блок 2 дел 1, Општина Струга (пл.период 2022-2032),** кој се изработува во СИНХРОНИЧНА постапка, во планскиот опфат на **Измена и дополнување на Детален урбанистички план во УЕ 11 блок 2 дел 1, Општина Струга (пл.период 2022-2027),** а согласно член **77** од *Правилникот за урбанистичко планирање* (“Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25 и 30/26), планирани се **5 ГРУПИ НА КЛАСИ НА НАМЕНИ, КЛАСИ НА НАМЕНИ и ПОЕДИНЕЧНИ НАМЕНИ**:

Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б2 – Големи единици за трговија
Б3 – Големи единици за угостителска дејност
Б4 – Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради

В – ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ

В4 – Државни администрации и институции

Г – РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА

Г3 – Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори
Г4 – Стоваришта, складови и отпади

Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило

Е – ИНФРАСТРУКТУРИ

Е1 Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
- **Е1.1 Сообраќајни патни инфраструктури**
- **Е1.8 Инфраструктури за пренос на електрична енергија (трафостаница)**

- Е1.11 Инфраструктура за одводнување

Е2 Згради и комплекси на инфраструктурните системи

- Е2.1 Згради и комплекси на патниот сообраќај (автобуска станица, шпедиција)

КОМПЛЕМЕНТАРНИ НАМЕНИ


Комплементарна намена означува дејност или активност која се врши на ист простор како дополнување, функционално комплетирање и остварување на основната намена на градбата од друга примарна дејност или активност и служи за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менува нејзиниот карактер и во одредени случаи го овозможува остварувањето и употребата на основната намена.

Во **Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на Струга (2007-2017) за блок 2 од УЕ 11, Општина Струга (пл.период 2022-2032)** комплементарните намени се подразбираат во процесот на одредување на намената на земјиштето во контекст на дадените одредби од **член 80** од *Правилникот за урбанистичко планирање* (“Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25 и 30/26).

КОМПАТИБИЛНИ НАМЕНИ

Согласно **член 81** од *Правилникот за урбанистичко планирање* (“Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25 и 30/26), компатибилни класи на намени или групи на класи на намени, се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во просторната единица односно во иста наменска зона без при тоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање, која не може да зафати повеќе од 30% од површината на наменската зона за да не го смени карактерот на зоната.
Уредувањето на компатибилноста се врши во зависност од специфичностите на локалитетот, културата на живеење, историјата на планирање и градење.
Компатибилни класи на намени и процентот на нивното учество во однос на основната класа на намена да биде во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ на РСМ бр. 225/20) и согласно табелата за копатибилни намени во Измена и дополна на ГУП за град Струга (2007-2017):

Табела 2: Компатибилни намени во Измена и дополна на ГУП за град Струга (2007-2017)



Согласно добиеното Мислење од Комисија за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (бр.68-11671/2 од 05.12.2022), планскиот опфат се наоѓа во **III-б заштитна зона (културно наследство)** која е утврдена во донесениот *План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.45/20), во која е забрането изградба на објекти со намена семејно домување повисоки од П+5 ката и поголем процент на изграденост од 50%. Доколку изградба на објектите со намена Б,В,Г и Е се забранува повисоки од П+3 ката со максимална висина на хоризонтален венец 16 метри и поголем процент на изграденост од 50%.

Според тоа се констатира дека се исполнети одредбите кои се пропишани со *Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион*.

ЕДИНИЦИ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Единици на градежно земјиште во градот се Урбаните блокови. Според поделбата на важечкиот генерален урбанистички план за град Струга, предметниот плански опфат е Блок 2. Границата на урбаниот блок која се совпаѓа со граница на планскиот опфат претставена е со соодветен симбол во графичкиот дел на планот.
Во рамките на опфатот поради планирање од пониско ниво, според одредбите формирани се 3 граници на плански опфати со помали површини за детално планирање односно граници на просторни планерски единици за детално планирање чии граница се совпаѓаат со оските на сервисните улици.

Табела 3: Нумерички параметри со граници на детално планирање

НУМЕРИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАНИЦИ НА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ:							
РЕДЕН БРОЈ	ГРАНИЦИ ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ	Максимален процент на изграденост	Максимална катност	Максимална висина на венец	Површина(ха) на плански опфат	Површина(ха) на дел од Блок 2	Изграденост (%)
1	ГРАНИЦИ ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ ДЕЛ 1	50%	П+3	16,00 м	5,43	4,41	20,6%
2	ГРАНИЦИ ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ ДЕЛ 2	50%	П+3	16,00 м	9,48	8,62	40,3%
3	ГРАНИЦИ ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ ДЕЛ 3	50%	П+3	16,00 м	9,45	8,37	39,1%
ВКУПНО					**24,36**	**21,40**	100,0%

Со планското решение на просторот настануваат големи промени во класите на намени во споредба со Измена и Дополна на ГУП на град Струга (2007-2017). Површината на намена Б во Измена и дополна на ГУП на град Струга (2007-2017) изнесува 171607,77м2, доколку во планската документација на Измена и Дополнување на ГУП на Струга (2007-2017) за блок 2 од УЕ 11, Општина Струга (пл.период 2022-2032) изнесува 120801,4476м2. Намената В е евидентирана на терен, доколку во важечкиот ГУП не постои. Истотака во планскиот опфат според инвентаризацијата на терен констатирана е и намената Г.

Направено е и усогласување на намената Г5 од важечкиот ГУП во Е2 во согласност со член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање ("Сл.весник на Р.Северна Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25 и 30/26).

Табела 4: Површини на наменски зони на ниво на Блок 2 – Измена и Дополна на ГУП на град Струга (2007-2017)

	КЛАСА НА НАМЕНА	А	Б	в	Г	Д	ВКУНО ПО КЛАСА	ПРОЦЕНТ
БЛОК 2	А						0,00	0
	Б		171607,77				171607,77	57,04
	В						0,00	4,62
	Г				17070,61		17070,61	21,02
	Д					25587,08	25587,08	9,95
	СООБРАЌАЈ						0,00	7,37
	РЕКА						0,00	0
	ВКУПНО	0,00	171607,77	0,00	17070,61	25587,08	21 4265,46	100

Табела 5: Површини на ниво на Блок 2 во Измена и дополна на ГУП на Струга (2007-2017)

БЛОК	ПОВРШИНА
02.Б	97961,95
02.Б	73645,82
02.Д2	16599,20
02.Д2	8987,88
02.Г5	17070,61
ВКУПНО	214265,46

Табела 6: Планирани намени на ниво на Блок 2 – Планска документација – Измена и дополнување на ГУП на Струга (2007-2017) за блок 2 од УЕ 11. Општина Струга

	КЛАСА НА НАМЕНА	А	Б	в	Г	Д	Е	ВКУПНО ПО КЛАСА	ПРОЦЕНТ
БЛОК 2	А							0,00	0
	Б		12,08					12,0800	57,04
	В			0,99				0,99	4,62
	Г				4,5			4,45	21,02
	Д					2,12		2,12	9,95
	Е						1,71	1,71	7,37
	РЕКА							0,00	0
	ВКУПНО	0	12,08	0,99	4,5	2,12	1,71	21,4004,4	100

2.5.2 Сообраќајна инфраструктура

Од планскиот опфат на **Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на Струга (2007-2017) за блок 2 од УЕ 11, Општина Струга (пл.период 2022-2032)** се остварува сообраќајна врска со останатите делови од Струга преку:

- постојната асфалтирана улица на источната страна, која претставува дел од регионалниот пат (Р1201), а која во Генералниот урбанистички план на Струга е планирана и категоризирана како **Магистрална улица М3**;
- постојната асфалтирана улица на јужната страна, која во Генералниот урбанистички план на Струга е планирана и категоризирана како **Магистрална улица М1**.

При тоа, земено е во предвид пропишаното во член 155 став 8 од *Правилникот за урбанистичко планирање* (“Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 225/20, 219/21 104/22 и 99/23), дека во процесот на изработување, донесување и спроведување на урбанистички планови **заштитнитните појаси пропишани за државните патишта и други инфраструктурни водови не се применуваат на уличните мрежи во граници на населените места.** Тоа е во согласност и со пропишаното во член 40 став 5 од *Законот за јавни патишта* („Сл.весник на Р.Македонија“ бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 174/21, 253/23, 224/24, 135/25 и 269/25) дека **одредбите во поглед на ширинчината на заштитниот појас не се однесуваат на деловите на јавни патишта и улици во населени места за кои постојат урбанистички планови**.

Од Измена и дополна на ГУП на Струга, 2007-2017 (донесен со одлука бр.07-643/07 од 05.04.2007), поточно во урбаната единица 11, Блок 2 се правземени делумно трасите и профилите на новопланираните улици, (магистрални и сервисни) поради причина на неусогласување со член 145 од Правилникот за урбанистичко планирање (“Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25 и 30/26), е корегирана сервисната улица која во важечкиот ГУП е означена со **Се1** и со ширина на профил од 13м, додека во Измена и дополнување на ГУП Струга (2007-2017) за блок 2 од УЕ 11, Општина Струга (пл.период 2022-2032) – е означена со пресек 3-3 и ширина на профил 13.3 метри.

КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПРОФИЛИ:



Планирана Магистрална улица 1-1 (превземена од ГУП)

30м (тротоар 2.5, зеленило 1.5, велосипетска патека 2, коловоз 7, разделно зеленило 4, коловоз 7, велосипетска патека 2, зеленило 1.5, тротоар 2.5)

- **Планирана Магистрална улица 2-2 (превземена од ГУП)**

27.5м (тротоар 3.25, велосипетска патека 1.5, коловоз 7, разделно зеленило 4, коловоз 7, велосипетска патека 1.5, тротоар 3.25)

- **Планирана сервисна улица 3-3**

13.3м (тротоар 2.4, коловоз 6, лента за паркинг 2.5, тротоар 2.4)

- **Планирана сервисна улица 3.1-3.1**

16.1 до 27.6 (тротоар 5.2 до16,7, коловоз 6, лента за паркинг 2.5, тротоар 2.4)

- **Планирана сервисна улица 4-4**

12 м (тротоар 2.5, коловоз 7, тротоар 2.5)

Потребниот број на паркинг места се утврдува согласно **член 134** од Правилникот за урбанистичко планирање (“Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25 и 30/26), според намената на замјиштето и тоа:

Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б2 – Големи единици за трговија
-1 паркинг место на 70 м2 од вкупно изградената површина,
Б3 – Големи единици за угостителска дејност
-1 паркинг место на 20м2 од вкупно изградената површина
Б4 – Деловни дејности
-1 паркинг место на 8 вработени во смена

В – ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ

В4 – Државни администрации и институции
-1 паркинг место на 5 вработени плус 10% но најмалку 2 места,

Г – РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА

- Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата – да се обезбедат во рамки на градежната парцела,

Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

- Потребниот број паркинг места се утврдува во урбанистички план во зависност од начинот на употреба, бројот и структурата на посетители, специфичните потреби и услови на локацијата

Е – ИНФРАСТРУКТУРИ

- Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, бројот и структурата на вработени, бројот, фреквенцијата и структурата на корисниците, степенот на моторизација, постоењето и капацитетот на јавен превоз, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален, за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата, како и за посетителите и корисниците на градбата – да се обезбедат во рамки на градежната парцела, и/или на соседна градежна парцела и/или на земјиште за општа употреба.

Минималниот број на **паркинг места за велосипеди** за планираните намени на земјиштето и градбите се определува на следниот начин:

Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ потребниот број на паркинг места за велосипеди се уредува во урбанистички план во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања,

В – ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ

потребниот број паркинг места за велосипеди се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена,

Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА потребниот број паркинг места за велосипеди се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена,

Е - **ИНФРАСТРУКТУРА** потребниот број паркинг места за велосипеди се утврдува со проектна документација во зависност од специфичните потреби, локација и услови во која спаѓаат градбите.

Од вкупниот број на паркинг места за велосипеди, минимум 50% треба да бидат во покриени простори.

Нивелманското решение за предметниот плански опфат во целост е превземен од Измена и дополна на ГУП на Струга, 2007-2017 (донесен со одлука бр.07-643/07 од 05.04.2007).


Табела 7: – Нивелманско решение

T	X	Y	KT	KH
5	7473221.98	4560091.14	693.50	694.00
6	7472591.24	4559954.55	693.20	693.40
7	7472260.01	4559641.61	693.35	693.80
10	7472133.22	4559833.08	693.40	693.60
11	7472539.05	4560150.30	693.00	693.20
12	7473231.56	4560325.57	693.30	693.80
13Д	7473269.63	4560630.73	693.10	693.30

Новопланираната атмосферска инфрастуктура, во рамките на Магситралната улица 1-1, Магистрална улица 2-2и Сервисните улици, се планирана согласно примарната мрежа за конкретната инфраструктура.

ПРЕСЕК 1-1

ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ ЗА КАНАЛ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ



ПРЕСЕК 2-2

ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ ЗА КАНАЛ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ



2.5.3 Комунална инфраструктура

Електро-енергетика

Според доставената информација од **Електродистрибуција Скопје**, во планскиот опфат има постојна електрична мрежа – објекти и инфраструктура, и тоа:

- среднонапонски: 10(20)/0.4кV трафостаница, 10(20)кV подземна и надземна мрежа;
- нисконапонски: 0.4кV подзамна и надземна мрежа;

Планскиот опфат на запад зафаќа дел од заштитниот појас на постоен 10(20)kV надземна далновод и мал дел на север од заштитниот појас на постоен 10(20)Kv надземен далновод.

Податоците се дадени со забелешка дека се од нивната службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Дополнително е утврдено дека доставената надземна мрежа има отстапувања во точноста на координатите на електроенергетските објекти во однос на фактичката состојба на терен која е снимена во Елаборатот за ажурирана геодетска подлога.

Во планската документација се нанесени траси на надземните далноводи соодветно на фактичката состојба, додека подземните водови со нивните заштитни појаси се преземени од графичкиот прилог кој е добиен од Електродистрибуција Скопје, заради што треба да се има во предвид дека кај нив постои можност за отстапување на нивната точност.

Во фазата на реализација на урбанистичкиот план, доколку се утврди потреба за нова трафостаница и/или нови електроенергетски водови заради задоволување на потребите за нови приклучоци, истото ќе се планира со соодветни урбанистички проекти,

во соработка со стручните служби на Електродистрибуција. Соодветно на типот на документација, при што треда да се има во предвид препораката на **Електродистрибуција Скопје** да се планираат (вцртаат) траси во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е со соодветен урбанистички проект, да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација.

Електричната мрежа и потребата од едновремена ел.снага за новопредвидените објекти се димензионира према електроенергетски параметри со напомена дека се предвидени наменски зони на просторот.

Улично осветлување

Во опфатот има изведено мрежа на улично осветлување. Согласно идните потреби, уличното осветлување е предвидено да се решава во склоп со планираните сообраќајници од примарна сообраќајна мрежа.

Телекомуникациска мрежа

Во планскиот опфат во графичките прилози се прикажани изградените јавни електронски комуникациски мрежи и системи т.е. постојната МКТ подземна и надземна инфраструктура – оптички и бакарни кабли.

Во идните Детални Урбанистички Планови ќе се предвидат коридори за кабелска комуникациска инфраструктура за поврзување на новопланираните објекти, од страна на пристапните улици (во тротоарите и/или друга јавна површина) во согласност со Правилникот за начин на изградба на јавни електронски комуникациски мрежи и придружни средства (сл.в. 106/2017, 170/2016). Вкрстувањето на различните правци на планираната инфраструктура да се прави во тротоар.

Хидротехничка инфраструктура

Предвидената хидротехничка инфраструктура во рамките на планскиот опфат претставува интегрален дел од предвидената хидротехничка инфраструктура во Струга, дефинирана со важечкиот ГУП на Струга.

Реализацијата на планот треба да се одвива преку изработка на урбанистички проекти, за чија изработка ќе бидат дадени насоки и податоци (хидротехнички услови) од надлежните институции.

Планирана водоводна инфраструктура

Во урбанистичкиот план се нанесени приближните траси на постоечката водоводна инфраструктура кои се добиени од **ЈП Водовод и канализација Струга,** во и покрај планскиот опфат (ПЕ Ø305, ПВЦ Ø110, ПВЦ Ø225, и АЦ Ø80).

Со планското решение се задржува постојната водоводна мрежа, а по должината на примарната сообраќајна мрежа се планирани нови водови кој што се дел од примарната хидротехничка инфраструктура.

Планирана фекална инфраструктура

Во урбанистичкиот план се нанесени приближните траси на постоечката канализационата инфраструктура Ø200 кои се добиени од **ЈП Водовод и канализација Струга**, како приближната траса на дел од западниот колектор со Ø600, со кој стопанисува **ЈП Колекторски систем – Подружница Охрид**.

Со планското решение се почитува постојната канализациона мрежа, а останатиот дел се надградува и се поврзува во постојниот инфраструктурен систем.

Се планира изградба на сепаратен систем на канализација, односно изградба на посебна фекална и атмосферска канализациона мрежа. Со проекцијата на хидротехничката инфраструктура се предвидува генерално решавање на фекалната канализација, со надградба на постојната и проекција на нова канализациона мрежа. Количината на отпадните води ќе се пресметува како 80% од употребената вода зголемена за 20% од инфилтрација на подземни води. Новопланираната канализационата мрежа во рамките на Магситралната улица М1, Магистрална улиц М3 и Сервисната улица Се1 , се планирана канализациона инфраструкутра, согласно примарната мрежа за конкретната инфраструктура.

Планирана атмосферска инфраструктура


Атмосферска канализација во планскиот опфат не е изведена. Истата не е планирана, согласно важечкиот ГУП.

Атмосферската инфраструкура, потребно е да ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците, зелените површини. Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули.

Новопланираната атмосферска инфрастуктура, во рамките на Магситралната улица М1, Магистрална улиц М3 и Сервисните улици, се планирана согласно примарната мрежа за конкретната инфраструктура.


ПРЕСЕК 1-1

ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ ЗА КАНАЛ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ



ПРЕСЕК 2-2

ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ ЗА КАНАЛ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ



2.6 Плански услови за детално планирање на просторот

Планските услови за детално планирање на просторот се спомнати во општите и посебните услови за спроведување на планот.

2.7 Општи услови за спроведување на планот и за просторен развој

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на Струга (2007-2017) за блок 2 од УЕ 11, Општина Струга (пл.период 2022-2032), односно за изготвување на Извод од Генерален урбанистички план.

Општите услови во целост се задржуваат од важечката Измена и дополна на Генерален урбанистички план - Струга (2007-2017).

Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на Струга (2007-2017) за блок 2 од УЕ 11, Општина Струга (пл.период 2022-2032)е изработен во согласност со *Законот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и *Правилникот за урбанистичко планирање* (“Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25 и 30/26).

Со општите услови за изградба се утврдуваат основните принципи, услови и техничко-урбанистички норми кои овозможуваат примена и спроведување на **Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на Струга (2007-2017) за блок 2 од УЕ 11, Општина Струга (пл.период 2022-2032)**. Условите за изградба ќе се применуваат во рамки на целиот плански опфат, чии граници и координати се дадени во текстуалниот дел и графичките прилози на оваа документација.

2.7.1 **Граница на плански опфат** е планска одредба во урбанистички план во форма на линиски графички симбол кој ја ограничува површината на планскиот опфат и во чиишто рамки се спроведува урбанистичкиот план.

Вкупната површина на подрачјето опфатено со границата на планскиот опфат, која претставува и граница на Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на Струга(2007-2017) за блок 2 од УЕ 11 Општина Струга (пл.период 2022-2032)**,** изнесува **24,36ha.**

2.7.2 **Блок** е посложена единица на градежното земјиште која се состои од повеќе градежни парцели и градежно земјиште за општа употреба, чијашто граница по правило се совпаѓа со оски на улици и граници на градежни парцели.

2.7.3 **Регулаторните линии** се плански одредби во графичкиот дел на урбанистичкиот план кои го разграничуваат градежното земјиште од аспект на носителите на правото за градење и диспозицијата на планираните градби.

Во оваа Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на Струга (2007-2017) за блок 2 од УЕ 11, Општина Струга (пл.период 2022-2032) е планирана примарна делба со употреба на регулациона линија на сообраќајниците. Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.

2.7.4 Во планскиот опфат се застапени следните **групи и класи на намена**:

Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
- Б1 Мали единици за комерцијални и деловни дејности (до 200м2 и П+1кат)
- Б2 Големи единици за трговија
- Б3 Големи единици за угостителска дејност

Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА И ИНДУСТРИЈА
-Г4 Стоваришта, складови и отпади
-Г3 Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори

Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
Д2 Заштитно и сообраќајно зеленило

Е – ИНФРАСТРУКТУРИ
Е1 Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
- Е1.1 Сообраќајни патни инфраструктури
- Е1.8 Инфраструктури за пренос на електрична енергија (трафостаница)

Е2 Згради и комплекси на инфраструктурните системи
- Е2.1 Згради и комплекси на патниот сообраќај (автобуска станица, шпедиција)

Комплементарните намени се подразбираат во процесот на одредување на намената на земјиштето.

Планираниот максимално дозволен процент на учество на компатибилните намени во основната класа на намена изнесува вкупно 30%.

2.7.5 **Процент на изграденост на земјиштето (Р)** е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

2.7.6 **Коефициент на искористеност (К) на земјиштето** е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

2.7.7 Сите елементи на планирањето во плановите од пониско ниво треба да бидат изработени во согласност со Измена и дополнување на ГУП на Струга(2007-2017) за блок 2 од УЕ 11, Општина Струга (пл.период 2022-2032).

2.7.8 При примена и реализација на Измена и дополнување на ГУП на Струга(2007-2017) за блок 2 од УЕ11, Општина Струга (пл.период 2022-2032) , за сè што не е дефинирано со овие Општи услови за градење, ќе се применуваат условите од важечката Измена и дополна на Генерален урбанистички план - Струга (2007-2017).

2.8 Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите за секоја урбанистичка единица за планирање во границите утврдени со планот во Блок 2

Посебните услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се однесуваат на планскиот опфат на парцијална „Измена и дополнување на ГУП на Струга(2007-2017) за блок 2 од УЕ 11,Општина Струга (пл.период 2022-2032)“, која се наоѓа во планскиот опфат на Блок 2 од УЕ 11 кој е со дефинирана граница која е дадена во графичките прилози и чија граница целосно се совпаѓа со Блок 2 во Измена и дополна на Генерален урбанистички план на град Струга, со плански период од 2007-2017.

Планскиот опфат има вкупна површина од **24,36 ha** или **243571,79 m2.** Со овој план се планираат класи на намена во планскиот опфат според инвентеризацијата на терен но и со цел да се овозможат нови инвестиции во рамките на опфатот.

Во границите на планскиот опфат на Блок 2 се предвидуваат **3 (три) граници на просторни планерски единици** за детално планирање на просторот односно плански опфати на детални урбанистички планови означени во графичките прилози од планската документација. Нумерирани се како дел 1, дел 2 и дел 3.

Со планското решение на Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на Струга (2007-2017) за блок 2 од УЕ 11, Општина Струга (пл.период 2022-2032) се планирани следните групи и класи на намени:

Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
- **Б2 – Големи единици за трговија**
- **Б3 – Големи единици за угостителска дејност**
- **Б4 – Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради**

В – ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ
- **В4 – Државни администрации и институции**

Г – РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА
- **Г3 – Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори**
- **Г4 – Стоваришта, складови и отпади**

Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
- **Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило**

Е – ИНФРАСТРУКТУРИ
- **Е1 Сообраќајни, линиски и други инфраструктури**

Е1.1 Сообраќајни патни инфраструктури
Е1.8 Инфраструктури за пренос на електрична енергија (трафостаница)
Е1.11 Инфраструктура за одводнување
Е2 Згради и комплекси на инфраструктурните системи
Е2.1 Згради и комплекси на патниот сообраќај (автобуска станица, шпедиција)

При планирањето на просторот настануваат големи промени во наменските параметри и тоа во Дел 1 и Дел 2 и мал процент во Дел 3 на просторните планерски единици.

Во Дел 1 намената Г преминува во Б и Е а намената Б во Г. Во Делот 2 се затекнати намените Г, В и Б од извршената ивентеризација на постојната состојба, при што настанува голема промена во намените.

Доколку во делот 3 немаме големи промени во намените, останува намената Б, но е дополнето со намена – Е околу двата канала.

Инфаструктурните параметри целосно се превземаат од важечкиот генерален урбанистички план.

Посебните услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите и урбанистичките параметри се дадени посебно за зоните оформении според намената на земјиштето во планскиот опфат и истите се согласно Правилникот за стандарди.

Во согласност со Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ, бр. 11/18 и 42/20), член 20: При изработка на сите планови и проекти од членот 1 став (2) на овој закон, треба да се обезбеди најмногу 20% зеленило на секоја градежна парцела.

Предметниот простор представува дел од природното и културното наследство на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО. Поради тоа при планирање и проектирање треба да се почитуваат меѓународните и домашните прописи и да се води сметка за вклопување на објектите во амбиентот.

Во однос на намената планирана во планскиот опфат просторот е поделен на наменски зони со граници на наменски зони според намена на земјиштето, ограничени површини на градежно земјиште со иста намена.

Изработени се урбанистички параметри за секоја наменска зона поединечно на ниво на цел плански опфат и истите се прикажани во нумеричкиот и синтезниот приказ. Намената на земјиштето е дадена со процентуална застапеност на намените во наменската зона со различни класи на намена.

Табела 8: Нумерички параметри за намена на земјиште

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА СТРУГА (2007-2017) ЗА БЛОК 2 ОД УЕ 11 ОПШТИНА СТРУГА (ПЛ.ПЕРИОД 2022-2032)	НУМЕРИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ:				
	Групана класи на намена	Основна класа на намена или поединечна класа на намена	Површина ha	Процент на основна класа на намена %	Вкупен процент на група на класа на намена %
	Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	Б2 - Големи единици за трговија	10,53	43,24%	49,55%
		Б3 - Големи единици за угостителска дејност	0,34	1,39%	
		Б4 - Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради	1,20	4,92%	
	В - ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ	В4 - Државни администрации и институции (ЈП Национални шуми - Струга)	0,99	4,07%	4,07%
	Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА	Г3 - Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори	3,42	14,05%	18,47%
		Г4 - Стоваришта, складови и отпади	1,08	4,42%	
	Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ	Д2- Заштитно и сообраќајно зеленило	2,12	8,71%	8,71%
	Е - ИНФРАСТРУКТУРА	Е1.1 - сообраќајни, линиски и други инфраструктури (улици и пешачка површина)	3,19	13,10%	18,20%
		Е1.8 - инфраструктури за пренос на ел.енергија (трафостаница)	0,01	0,05%	
		Е1.11 - Инфраструктура за одводнување	0,53	2,20%	
		Е2.1 - Згради и комплекси на патниот сообраќај - автобуска станица и шпедиција	0,94	3,86%	
	ВКУПНО		24,36	100%	100%

2.9 Мерки за заштита на природата, природното наследство и животната средина

Врз основа на одредени критериуми и валоризација на просторот на подрачјето на планскиот опфат, не се утврдени објекти или предели кои се сметаат за природни богатства и како такви треба да бидат ставени под посебен вид на заштита.

Според одредбите во точка 9.2.1 од *План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.45/20), планскиот опфат спаѓа во заштитната зона која е „формирана на деловите под кота 866 m н.в., односно зафаќа простори што се наменети за непродуктивни намени“ т.е. е простор во рамки на „населби и друго градежно земјиште“ кое е категоризирано во **Третата заштитна зона утврдена со границите за заштитни зони на природното наследство**.

Животна средина

Законската регулатива врз основа на која се уредува планскиот опфат, од аспект на заштита на животната средина и која е потребно да се примени при изработка на урбанистичкиот план е следна:

- Закон за животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Сл.весник на РСМ“ 89/22, 171/22 и 3/25);
- Закон за заштита на природата („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и „Сл.весник на РСМ“ 151/21 и 3/25);
- Законот за квалитетот на амбиентниот воздух („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04 , 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 146/15 и и „Сл.весник на РСМ“ бр.151/21 и 3/25);
- Закон за води („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и „Сл.весник на РСМ“ бр.151/21 и 3/25);
- Уредба за класификација на водите („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 18/99);
- Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 18/99 и 71/99);
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15 и 31/16);
- Закон за управување со отпадот („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 216/21 и 3/25);
- Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15 и „Сл.весник на РСМ“ бр.151/21 и 3/25);
- Закон за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Сл.весник на РСМ“ 215/21 и 124/25);
- Закон за земјоделско земјиште („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Сл.весник на Р.С.М.“ 161/19, 178/21, 91/23, 218/24 и 235/24);
- Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25 и 30/26);
- Закон за градење („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 130.09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Сл.весник на Р.С.М.“ 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24 и 3/25);
- Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање („Сл.весник на Р.Македонија“, бр. 60/12, 29/15, 32/16, 114/16, 211/20, 183/23, 178/24 и 181/25) и други законски и подзаконски акти.

Право и должност е на Република Македонија, Општината, како и на сите правни и физички лица, да обезбедат услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, а тоа е

регулирано со Законот за животна средина („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/0948/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Сл.весник на РСМ“ 89/22, 171/22 и 3/25).

Цели на овој Закон се:

- зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- заштита на животот и на здравјето на луѓето;
- заштита на биолошката разновидност;
- рационално и одржливо користење на природните богатста и
- спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.

Секој е должен при преземањето активности или при вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето.

Заштита и унапредување на животната средина е **систем на мерки и активности** (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува подршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина.

Државата формира мрежа за мониторинг, што се состои од мониторинг на медиумите (водата, воздухот и почвата) и областите на животната средина.

Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторната оранизација на урбаниот опфат.

Мониторинг на емисии од стационарни извори

Правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на емисии на загадувачки супстанции во амбиенталниот воздух кои се опфатени со државната и/или со локалните мрежи, согласно со овој закон се должни да:

1) инсталираат и да одржуваат во исправна состојба мерни инструменти за следење на емисиите на местото на изворот и

2) обезбедат редовно следење, мерење и обработка на податоците на емисиите од изворот на загадувањето и за тоа да водат дневник.

Мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии од определени поединечни стационарни извори

1) Правните и физичките лица сопстеници, односно корисници на определени инсталации кои се извор на загадувачки суптанции во амбиентниот воздух, а кои не се опфатени во државата и/или локалните мрежи за мониторинг, се должни да изградат ситем за следење на изворот на емисии и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух во реонот на објектот.

2) Лицата од ставот (1) на овој член следењето и мерењето можат да го вршат преку сопствени служби или преку научни и стручни организации или други правни лица, доколку се акредитирани за вршење на мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, во согласност со овој закон и друг закон.

За утврдување на степенот на загаденост на амбиентниот воздух, изворите на загадување, како и нивното штетно влијание врз квалитетот на воздухот, се установува Катастарот на загадувачи на воздухот.

- ***Мерки за заштита на води***

Согласно законската регулатива задолжително е испитување на пречистените води, пред испуштање во најблискиот природен реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, дадени во *Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води* („Сл.весник на Р.Македонија“ бр.18/99 и 71/99) и *Уредбата за класификација на водите* („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 18/99).

Пречистените отпадни води од локалниот канализационен систем, преку колекторскиот систем во с.Ложани, се планира да се испуштат после пречистувањето во најблискиот реципиент – реката Црн Дрим.

Согласно Законот за води (Службен весник на Република Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и „Сл.весник на РСМ“ бр.151/21 и 3/25) при изработка на проектната документација треба да бидат исполнети следните критериуми:

1. Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, забрането е, освен со дозвола или согласност, изградба на постројки и објекти во заштитениот крајбрежен појас во широчина, од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај еретулирааите водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општините и советот на градот Скопје на предлог иа градоначалникот на општината, по претходна согласност на органот на управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
2. Заради заштита „а коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите се забранува освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:
   - да се менува правецот на водотекот;
   - да се врши градба или зафат кои што би имале негативно влијание врз протокот на водотекот;
   - да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;
   - да се сечат дрвја, грмушки и друга вегетација во речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите;
   - да се вади чакал, песок и камен од корита и бреговите на површински водни тела за да не дојде до влошуваше на ностојниот режим на водите и се предизвикуваат процеси на ерозија или оневозможува користењето на водите;
   - да се изгради брана, насип или слична препрека која би имала негативно влијание на протокот на водотекот;
   - да се копаат и дупчат бунари на растојание помало од 20 метри од ножицата на одбранбените насипи;

- да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10 метри од внатрешната страна и 10 метри од надворешната страна на ножицата на насипот,
- да се фрлат отпаден материјал (комунален, индустриски и др.), земја, градежен шут, јаловина и слично;
- да се вршат други активности со кои се оштетуваат речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите.

3. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.

4. Изведувањето на водостопанските објекти и постројки, да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно-техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.

5. Објектите и постројките кои во процесот на производство, преработка, полнење и складирање користат или применуваат опасни материи и супстанции, вклучувајќи и цевководи за транспорт на такви материи и супстанции се градат, поставуваат, работата и одржуваат во согласност со најдобри достапни техники прилагодени на научно - техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите.

6. Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.

7. Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности е слободен.

8. Во случај на емисија што би можела да влезе директно или индиректно во површински води, подземни или канализационен систем, правното лице одговорно за работењето на постројката мора веднаш да го информира Министерството за животна средина и просторно планирање, како и да ги преземе сите пропишани мерки за спречување и намалување на негативните последици по животната средина.

9. Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населени и индустриски места. Квалитетот на испуштената вода во водотекот треба да биде во согласност со Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води и Уредбата за класификација на водите (Сл.весник на Р.М . бр.18/99).

Согласно Законот за води, Министерството за животна средина и просторно планирање издава Водостопанска согласност, заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите. Исто така издава дозвола за користење вода и дозвола за испуштање на отпадни води.

- ***Мерки за заштита од бучава во животната средина***

Управувањето со бучавата во животната средина и заштита од бучавата во животната средина е предмет на уредување на Законот за заштита од бучава во животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15 и „Сл.весник на РСМ“ бр.151/21 и 3/25).

Цели на овој закон се:

1. создавање здрави услови за животот на луѓето и заштита на животната средина од бучава;
2. преземање мерки и активности за избегнување, спречување или намалување на бучавата;
3. преземање на мерки за заштита од бучава која е наметната од блиската средина и предизвикува непријатност и вознемирување;
4. остранување или намалување на штетните ефеки кои се последица од изложеноста на бучавата во медиумите и областите на животната средина и
5. обезбедување на основа за развивање на мерки за намалување на бучавата што ја емитуваат поголемите извори, особено патните, железничките и водните превозни средства и инфраструктура и др.

Определување на мерки за заштита од бучава во животната средина

Правните и физичките лица се должни да и преземаат следниве мерки за заштита од бучава:

- да одбираат, набавуваат и употребуваат опрема, инсталации, уреди и средства за работа и превозни средства кои создаваат ниско ниво на бучава;
- да одбираат, набавуваат и употребуваат опрема, средства и апарати наменети за помош во домаќинството, кои создаваат бучава во рамките на граничните вредности на ниво на бучава;
- да одбираат, набавуваат и употребуваат производи на кои постои ознака за јачината на звукот кој го предаваат,
- да изведуваат градежни работи, како и да превземаат заштитни мерки, на начини и со цел намалување на бучавата и нејзиното доведување во рамките на граничнит вредности на ниво на бучава;
- да изведуваат градби кои ги задоволуваат стандардите за заштита од бучава кои се однесуваат на вградување на соодветна звучна изолација на градбите со цел бучавата и изворите на бучава во работните простории и просториите за престојување на луѓе да се сведе во рамките на граничните вредности на ниво на бучава од соседството;
- да вградат или постават соодветна звучна изолација на градбите во кои постојат работни простории и простории за престојување на луѓе, а се јавуваат како извори на бучава;
- да ги извршуваат своите активности на начин кој не дозволува предизвикување од бучава на животната средина над граничните вредности на ниво на бучава;
- да се воздржат од преземање на дејствија и активности кои создаваат непријатност од бучава кај луѓето;
- мониторинг на бучавата согласно со интегрираните еколошки дозволи и
- да превземат други мерки со цел за заштита од бучава.

2.10 Мерки за справување со климатските промени

Р.Северна Македонија е потписник на Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени (1997 година), како и на Протоколот од Кјото (2004 година) кон истата Рамковна конвенција. Исто така, во 2017 година Р.Северна Македонија го ратификуваше и Договорот од Париз, кој е во рамките на Рамковната конвенција на

Обединетите нации за климатски промени (UNFCCC) што се занимава со ублажување на емисиите на стаклснички гасови, адаптација и финансирање започнувајќи од 2020 година. Договорот има за цел да одговори на заканата од климатски промени со одржување на растот на глобалната температура во овој век далеку под 2 степени Целзиусови над прединдустриското ниво и да се вложат напори да се ограничи зголемувањето на температурата над 1,5 степени Целзиусови.

Во 2021 во Глазгов година државата се приклучи и кон декларација на лидерите од светот за Акција за шумите и употреба на земјиште и делот за енергија од заедничката Изјава за Агенда за пробив.

Врз основа на тоа има усвоено повеќе важни стратешки документи во разни сектори на животната средина, кои јасно ја дефинираат политиката на владата во областа на животната средина и справувањето со климатските промени.

Меѓу нив спаѓаат и:

- Стратегија за животна средина и климатски промени 2014-2020;
- Третиот национален план за климатски промени 2014;

Климатските промени се резултат на зголеменото испуштање на стаклснички гасови во атмосферата и нивната зголемена концентрација во атмосферата. Емисиите на стаклснички гасови во голема мера потекнуваат од употребата на енергијата и производните процеси.

Во просторна смисла, се издвојуваат прашањата на употребата и намената на земјиштето и одржливите видови на мобилност во урбаната средина. Заради тоа, се наметнува потреба за интегриран урбан развој кој го опфаќа одржливо управување со земјиштето, сооздавањето на квалитетни јавни простори, модернизирањето на инфраструктурата и подобрувањето на енергетската ефикасност.

Намалувањето на урбаната експанзија, подоброто планирање во урбанизмот, транспортот, дизајнот на зградите и превенцијата на испуштањето на метанот можат значително да влијаат врз намалувањето на загадувањето на воздухот.

Покрај тоа, во површината со намена Д2 – заштитно зеленило се планира засадување на ниско и високо зеленили за намалување на тополотните острови во градот, апланираниот процент на озеленетост од минимум 20% е во согласност *Законот за урбано зеленило* („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 11/18 и 42/20).

Како идни мерки за адаптација на климатските промени се утврдени следните:

- Во следните фази на планирање и проектирање да се има еколошки, одржлив и рационален пристап, што подразбира новопроектираните објекти да се во склад со природното опкружување и локалните климатски услови т.е. да се води сметка за намалување на потребата од енергија за загревање и ладење на објектот преку избор на правилна ориентација, организација на просторот и форма на градбата;
- При изградба на нови и реконструкција на постојните објекти задолжително да се интегрираат и активности за подобрување на енергетската ефикасност на објектот, како на пример: термоизолирана обвивка на објектите, енергетски ефикасна надворешна столарија и сл.;
- Се препорачува користење на обновливи извори на енергија - примена на фотоволтаични панели за производство на електрична енергија за сопствени потреби;

- Обезбедување на богато хортикултурно уредување на секоја идна градежна парцела;

2.11 Мерки за справување со отпад

Со Законот за управување со отпадот („Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 216/21 и 3/25) се уредуваат: управувањето со отпадот, плановите и програмите за управување со отпадот, правата и обврските на правните и физичките лица во врска со управувањето со отпадот, начин и условите под кои може да се врши собирање, транспортирање, третман, преработка, складирање и отстранување на отпадот и др.

Целите на овој закон се да се обезбеди:

- избегнување и, во најголема можна мера, намалување на количеството на создадениот отпад;
- искористување на употребливите состојки на отпадот;
- одржлив развој, преку зачувување и заштита на природните ресурси;
- спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина;
- остранување на отпадот, на начин што е прифатлив за животната средина и
- висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Управувањето со отпадот е дејност од јавен интерес, која се врши во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Приоритети при управување со отпадот:

1. Создавачите на отпад се должни, во најголем мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

2. При управување со отпадот, по предходно извршена селекција, отпадот треба:

- да биде преработен по пат на рециклирање, повторна употреба или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или
- да се користи како извор на енергија.

Правните и физичките лица кои преземаат одредени активности во процесот на производството, се должни да употребуваат суровини со чија преработка се создава помалку отпад, да применуваат технологии кои обезбедуваат почисто производство и кои ги штедат природните ресурси, односно да произведуваат производи коишто, при нивното производство и употреба, не ја загадуваат животната средина или загадуањето да го сведат на најмала можна мера, во согласност со начелата за одржлив развој.

Надлежните органи на Република Македонија, општините, правните и физичките лица кои управуваат со отпадот, во согласност со овој закон, се должни да донесуваат и да спроведуваат стратешки, плански и програмски документи за управување со отпадот.

План за управување на отпад на РМ, се донесува за период од шест години. За реализација на Планот за управување со отпадот на РМ, советот на општините, донесуваат план за управување со отпадот на општината, за период од три години, а не подолго од шест години.

Складирање и собирање на отпадот

За цврстиот отпад се предвидува поставување на канти и контејнери за отпадоци на погодни места и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа е се спречи загадување на почвата и на подземните води, а со тоа и на животната и работната средина.

2.12 Мерки за одржливост мобилност и безбедност во сообраќајот

Одржливата мобилност е еден од најважните елементи на одржливиот развој.

Министерството за транспорт и врски има изработено Национална транспортна стратегија 2018- 2030, во која е утврдено дека: „Мобилноста“ е универзално право и тоа е политички инструмент што е неопходен за создавање прифатлив, пристапен, интегриран и „зелен“ транспортен систем. Во развојот на мобилноста за сите, животната средина и нејзината заштита претставуваат важен удел, особено преку „зелени“ иницијативи како што е развој на јавниот транспорт по „назначени ленти“ и промоцијата на возила што не загадуваат.

Една од утврдените општи цели во оваа стратегија е „Да се воведе зелена мобилност и логистика фокусирана на еколошката ефикасност на транспортниот сектор т.е Развој и унапредување на еколошки прифатливи транспортни системи со ниско ниво на јагленород“.

Општините имаат надлежност да преземаат континуирани активности за изградба, реконструкција и рехабилитација на пешачки патеки, улички и тротоари, велосипедски ленти, вклучувајќи и сродни активности како што се поставување на знаци, ознаки како дел од интегрираниот градски транспортен систем

Дел од планираните сообраќајници кои се превземени од важечкиот ГУП, во својот профил имаат планирано велосипедски патеки. Во согласност со принципите на одржливата урбана мобилност, во фазата на реализација на овој ГУП се препорачува изработка на дополнителна техничка документација – урбанистички и основен проект за изградба и на велосипетските патеки.

Со предвидените мерки за одржлива мобилност и безбедниост во сообраќајот ќе се придонесе за:

- унапредување на постојната инфраструктура за одржлив и економски достапен транспортен систем,
- зголемување на сигурноста и безбедноста на сообраќајот на патиштата,
- создавање на дополнителни можности за заштита на природната средина и развој на еколошки туризам, во согласност со високите вредности на регионот кој е под заштита на УНЕСКО,
- подобрување на здравствената состојба на луѓето,
- намалување на последиците од климатските промени.

2.13 Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Службен весник на РСМ“ 215/21 и 124/25), Законот за пожарникарството („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Сл.весник на РСМ“ 152/19) и Законот за управување со кризи („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес за Републиката. Системот за заштита и спасување го организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување на начин уреден со:

- Закон за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Сл.весник на РСМ“ 215/21 и 124/25),
- Законот за пожарникарството („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Сл.весник на РСМ“ 152/19), како и:
- Уредбата за спроведување на мерката за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 100/10),
- Уредбата за спроведување на мерката за заштита и спасување од урнатини („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 100/10) и
- Уредбата за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на градбите, како и учество во техничкиот преглед („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 105/05).

Системот за заштита и спасување се остварува преку:

- Набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности;
- Ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- Известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош;
- Едукација и оспособување за заштита, спасување и помош;
- Организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- Самозаштита, самопомош и заемна помош;
- Мобилизација и активирање на силите и средстата за заштита и спасување;
- Одредување и изведување на заштитните мерки;
- Спасување и помош;
- Отстранување на последиците од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;
- Надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
- Давање на помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа и
- Примање помош од други држави.

Заради организирано спроведување на заштита и спасување, учесниците во системот за заштита и спасување, донесуваат **План за заштита и спасување** од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот се изработува врз основа на Процена на загрозеност од природни непогоди, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот за заштита и спасување содржи превентивни и оперативни мерки, активности и постапки за заштита и спасување. Планот го донесува Советот на Општината.

Согласно член 51 и член 53 од горенаведениот Закон за заштита и спасување, мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја

предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следните мерки и активности:

1. Изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценетите опасности.
2. Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа
3. Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување
4. Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување и
5. Обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на градбите и инфраструктурата согласно член 53 од претходно наведениот Закон за заштита и спасување како и согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 105/05), како и учество во техничкиот преглед.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- При планирањето и уредувањето на просторот и населбите
- Во проекти за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај,црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност
- При изградба на објект и инфрастурктура.

Согласно член 54 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Службен весник на РСМ“ 215/21 и 124/25) а во функција на уредување на просторот задолжително се, обезбедува:

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

- Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
- Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи
- Изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините
- Озбебедување на противпожарни пречки
- Изградба на градби за заштита и
- Изградба на потребната инфрастурктура

Согласно член 61 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Службен весник на РСМ“ 215/21 и 124/25), се предвидуваат следните урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:

- Засолнување
- Заштита и спасување од поплави
- Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

- Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средатва
- Заштита и спасување од урнатини
- Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и

Хуманитарни мерки се:

- Евакуација,
- Згрижување на загрозеното и настраданото население
- Радиолошка, хемиска и биолошка заштита
- Прва медицинска помош
- Асанација на теренот.

Дел од овие урбанистичко-технички мерки потребно е да се применат во границите на третираниот проектен опфат, како во рамките на урбанистичкото планирање, така и при изработка на основните проекти на градбите предвидени со оваа планска документација.

<u>Урбанистичко технички мерки кои се предвидуваат со предметниот ГУП, согласно добиениот допис од ДЗС – ПО Струга, се</u>:

- ***Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи***

Превентивни мерки за заштита и спасување од пожар, експлозии и опасни материи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање на изградба на градбите.

Инвеститорот во проектната документација за изградба на градби, како и за градби на кои се врши реконструкција – пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожар, експлози и опасни материи и да прибави согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи. Од изработка на елаборатите се изземаат станбени градби со висина на венецот до 10 м. и јавните градби со капацитет за истовремен престој до 25 лица. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување согласно член 70, од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Службен весник на РСМ“ 215/21 и 124/25). Организацијата и спроведувањето на заштитата и спасувањето од пожар, која се остварува во рамките на системот за заштита и спасување се уредува со:

- Законот за пожарникарството („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Сл.весник на РСМ“ 152/19),
- Уредбата за спроведување на мерката за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 100/10),
- Уредба за спроведување на мерката заштита и спасување – евакуација на населението („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 101/10),
- Уредба за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 105/05),
- Правилник за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник на РМ“ бр. 231/20),

- Правилник за техничките нормативи за хидрантската мрежа за гасење на пожари („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 26/18), како и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, планскиот опфат, во случај на пожар ќе го опслужува противпожарната единица од **Струга**. Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурација на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично, кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита од ваквите појави се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари. Затоа потребно е планираната сообраќајна инфратруктура со хоризонталните и вертикалните елементи на коловозот да овозможат непречена интервенција на противпожарните возила, доводната мрежа на вода да е со капацитет кој овозможува напојување на надворешната хидрантска мрежа околу градбите, во согласност со ПП норми и стандарди, водењето на другата инфраструктура да е во инфраструктурни коридори, подземно поставени на дозволени безбедносни меѓусебни растојанија, кое ќе се дефинира со основните проекти.

Исто така, во проектната документација која се изработува врз основа на Законот за градење, потребно е да се предвидат надворешни противпожарни хидранти што одговара на прописите за надворешните противпожарни хидранти во населени места и да се овозможи непречен пристап за противпожарните возила од најмалку две спротивставени страни на објектот. Растојанието на хидрантите од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5 метри, а најмногу 80 метри.

При проектирање и изведување, ако објектот се гради до веќе постоечка градба, или се градат две нови градби, меѓусебното растојание на градбите треба да изнесува 1/3 од вкупната височина на двете градби, сметано од котата на терен до котата на венец, согласно член 21 од Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник на РМ“ бр. 231/20) и да се почитуваат безбедносните зони за опасните материи.

Согласно Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник на РМ“ бр. 231/20), широчината на коловозот на пристапниот пат, за еднонасочен сообраќај и движење на противпожарните возила се проектира така да не биде помала од 3.5м, односно 5,5м за двонасочен сообраќај.

Рабниците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см. и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

При дефинирањето на градбите во рамките на градежните парцели земено е во предвид потребното минимално растојание меѓу градбите од аспект на префрлање на пожарот од една до друга градба во зависност од предвидената висина на градбите и од противпожарната оптовареност на истите.

За градбите за кои не се однесува оваа одредба ќе се применуваат важечките мерки нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Согласно член 76 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Службен весник на РСМ“ 215/21 и 124/25), Јавното претпријатие што стопанисува со водоводната мрежа во

Општина Струга е должно да изработи основни решенија на улична хидратанска мрежа во сите делови на градот така и во планскиот опфат која е предмет на планската документација.

При изработка на основните проекти на предвидените градби во рамките на планскиот опфат да се предвиди громобранска инсталација со цел да нема појава од зголемено пожарно оптеретување.

Согласно Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Службен весник на РСМ“ 215/21 и 124/25) член 80, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определенто и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена. Стандардните оперативни процедура за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

- ***Заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди***

Согласно Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Службен весник на РСМ“ 215/21 и 124/25) член 67, заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни градби, набљудување и санирање на оштетени делови на заштитните градби, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните градби и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје и негова евакуација и спасување, како и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Заштита од поплави заради обилни врнежи е обезбедено со правилно димензионирање на атмосферската и канализациона мрежа.

- ***Заштита од техничко - технолошки несреќи***

Заштитата и спасувањето од техничко-технолошките несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските градби, кои во производниот процес употребуваат метерии или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и матријалните добра.

